ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# ПОСТАПКИ И ПРОЦЕДУРИ ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ ВО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО ОБЛАСТА БРАК И СЕМЕЈСТВО

Скопје, септември 2021 година

**СОДРЖИНА**


1. ПРЕГЛЕД....................................................................................................3
2. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА.....................................................................................3
3. ПОСТАПКИ ВО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ПРОБЛЕМАТИКАТА БРАК И СЕМЕЈСТВО ....................................................................................4
4. ПОСТАПУВАЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ НА ПРОБЛЕМАТИКАТ БРАК И СЕМЕЈСТВО НИЗ ФАЗИ НА ВОДЕЊЕ НА СЛУЧАЈ ..........................................6
   4.1. Почетна проценка..........................................................................7
   4.2. Продлабочена проценка....................................................................9
   4.3. Планирање на активности на помош и заштита .........................................11
   4.4. Мониторинг, ревизија и евалуација......................................................15
      4.4.1. Мониторинг/следење ...............................................................15
      4.4.2. Ревизија ...............................................................................15
      4.4.3. Евалуација............................................................................15
   4.5. Завршување на работа на случај ..........................................................16
5. ПРОЦЕДУРИ ВО ПОСТАПКИ ВО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ПРОБЛЕМАТИКАТА БРАК И СЕМЕЈСТВО .........................................................18
   5.1. Доверување на дете родено во вонбрачна заедница....................................18
   5.2. Доверување на дете родено во брачна заедница........................................20
   5.3. Регулирање на лични односи и непосредни контакти со родителот/блиски сродници со кои не живее ..........................................................................21
   5.4. Надзор над вршење на родителското право ..............................................24
      5.4.1. Вид мерки кои се применуваат во надзорот над вршење на родителското право .................................................................................24
   5.5. Согласност за патување на детето во странство........................................28
   5.6. Мислење за издавање самостојна патна исправа за дете..............................29
   5.7. Согласност за иселување на детето во странство.......................................30
   5.8. Постапување по меѓународна Хашка конвенција за грабнување на деца ............33
   5.9. Спроведување на мировна постапка на брачните бартнери без деца...................35
   5.10. Спроведување на мировна постапка и мислење за доверување на дете ..............37
   5.11. Спроведување на постапка по судско барање за измена на судска одлука за доверување на дете.......................................................................39
   5.12. Постапување по барање на суд за доставување мислење за привремена мерка за доверување на дете ......................................................................41
   5.13. Спроведување на постапка на малолетно лице кое наполнило шеснаест години и сака да склучи брак ......................................................................42
   5.14. Стручна помош и подршка при нарушени партнерски, брачни и семејни односи.....................................................................................................55

## 1. ПРЕГЛЕД

Процедурите за постапување на стручните работници во центарот за социјална работа при спроведување на постапките од проблематиката брак и семејство претставуваат пишан, водечки документ во постапувањето со цел воспоставување начин и редослед во извршување на одредени дејствија во давањето на социјалните услуги на корисниците.

Овие процедури се темелат на Стандардите за постапување на центрите за социјална работа на проблематиката брак и семејство и врз принципите на интегрирано водење на случај. Одговорните стручни работници во центарот за социјална работа постапуваат согласно чекорите за интегрирано управување со случај и документација.

Со процедурите се обезбедува доследност во спроведувањето на стручните активности во центарот за социјална работа како услов за воедначен и унифициран пристап во работата со корисниците почитувајќи ги нивните индивидуални состојби и потреби. Процедурите содржат одредени специфичности за различни постапки согласно надлежностите на центарот за социјална работа и сложеноста на семејните односи.

Процедурите кои се однесуваат на проблематиката на бракот и семејството го појаснуваат постапувањето на центарот за социјална работа, во случај на несогласување на родителите во начинот на вршење на родителското право и заштита на правата и интересите на детето, постапувањето на ЦСР по барање од надлежен суд и даваат појаснување на постапувањето при пружање стручна помош и поддршка во надминување на нарушени партнерски, брачни и семејни односи.

## 2. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Процедурите се однесуваат на постапките во центарот за социјална работа кои согласно Законот за семејството[1] се однесуваат на решавање на работите утврдени со семејно-правните одредби и тоа во во делот на брак и брачни односи, како и на односи на родители и деца.

**Законот за семејството** во членот 8 го дефинира родителското право, за кое се истакнува дека им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво и го вклучува правото на родителот со кого детето не живее да одржува лични односи со своето дете. Родителското право родителите го вршат заеднички и спогодбено, а во случај на несогласување решава центарот за социјална работа. Овој закон го регулира прашањето за чување и воспитување на децата кое може да биде уредено со спогодба помеѓу родителите, или со решение на ЦСР, ако за тоа родителите не можат да се спогодат или ако нивната спогодба не одговара на интересите на детето, како и можноста ЦСР да донесе ново решение за доверување на детето на чување и воспитание, ако тоа го бараат изменетите околности, по службена должност или по барање на еден од родителите.

Посебно се регулира можноста кога родителите на детето не живеат заедно тие да се спогодуваат за начинот на одржување на личните односи со детето или тоа да го направи ЦСР, а воедно се утврдува и улогата на судот во одлучувањето за чувањето, воспитувањето и

[1] Закон за семејството, (Сл.весник на Република Македонија бр. 80/1992,9/1996,38/2004, 33/2006,84/2008,67/10,156/10,39/12,44/12,38/14,115/14,104/15 , 150/15 и 53/21 ),

издржувањето на заедничките деца во рамките на постапка за развод на бракот, како и можноста судот да ја измени првичната одлука за чување и воспитување на децата, ако тоа го бараат изменетите околности.

Во своето постапување во делот на проблематиката на брак и семејство околу надлежноста, роковите и начинот на постапување се применуваат и почитуваат одредбите од Законот за семејството и Законот за општа управна постапка[2].

**Законот за општата управна постапка** кој се применува во сите управни дејнствија на центарот за социјална работа како јавен орган, освен во одделни работи кои се предмет на уредување на Законот за семејството.

**Законот за вонпарничната постапка** [3] ја дефинира постапката за одземање на вршење на родителските права и враќање на родителските права која се поведува по предлог од другиот родител и ЦСР.

Во **Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство** [4] се нагласува дека во постапките за доверување на детето, како и при уредувањето на личните односи и непосредните контакти на детето со родителот со кого не живее секогаш ќе се зема предвид интересот на детето –да не се загрозуваат неговите права и безбедноста се додека трае ризикот и последиците од извршеното насилство.
Постапките кои се спроведуваат во центарот за социјална работа во делот на проблематиката брак и семејство се усогласени и со Законот за социјалната заштита[5] и Законот за заштита на децата[6] како и со одредени меѓународни ратификувани конвенции како инструменти за заштита на правата на децата[7] вклучително и кога се изложени на ризици во прекугранични ситуации.[8]

## 3. ПОСТАПКИ ВО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ПРОБЛЕМАТИКАТА БРАК И СЕМЕЈСТВО

Центарот за социјална работа има законски надлежности за постапување по непосредно барање на подносителот, како и по барање на надлежни судски или други органи. Во двата случаи спроведувањето на стручната работа се темели на принципот на индивидуализација на

[2] ЗОУП - Службен весник на Република Македонија бр.124/2015 од 23.07.2015 година.
[3] Службен весник на Република Македонија бр.9/2008.
[4] Службен весник на Република Северна Македонија бр.24/2021.
[5] Службен весник на РСМ бр.104/19,146/19,275/19,302,/20,311/20 и 163/21
[6] Службен весник на РМ бр.23/23,12/14,44/14,144/14,10/15,25/15,150/15,192/15,27/16,163/17,21/18,198/18 и Службен весник на РСМ бр. 104/19,146/19,275/19 и 311/20.
[7] Конвенција за правата на детето
[8] Хашка конвенција за граѓанско-правни аспекти на меѓународно грабнување на деца.

околностите, испитување и утврдување на конкретни и релевантни елементи и факти во секој предмет и донесување на стручно аргументирани мислења, предлози и одлуки.

Процедурите за постапување на стручните лица во центарот за социјална работа на проблематиката на бракот и семејството се однесуваат на следниве постапки:

1) Доверување на дете родено во вонбрачна заедница
2) Доверување на дете родено во брачна заедница
3) Регулирање на право на детето да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот/блиски сродници со кои не живее
4) Надзор над вршењето на родителското право
5) Постапување по барање за согласност за патување на детето во странство
6) Постапување по барање за согласност за иселување на детето во странство
7) Постапување за враќање на дете по Хашка конвенција
8) Спроведување на мировна постапка
9) Спроведување на мировна постапка и мислење за доверување на дете
10) Спроведување на постапка по судско барање за измена на судска одлука за доверување на дете
11) Постапување по привремена мерка за доверување на дете по барање на суд
12) Спроведување на постапка на малолетно лице кое наполнило шеснаест години и сака да склучи брак
13) Стручна помош и подршка при нарушени партнерски, брачни и семејни односи

Други постапки во кои ЦСР има надлежност да ги покрене или да учествува кои се во делот на проблематиката брак и семејство:

- Постапување по барање на МВР - мислење за издавање на патна исправа за дете
- Постапување во судска постапка за одземање и враќање на родителско право
- Постапување по барање за остварување/зголемување на издршка на дете
- Поведува спор за издршка на дете
- Поднесување на кривична пријава до ОЈО за родител по основ на вршење надзор над родителското право
- Утврдување/оспорување на татковство/мајчинство
- Постапка по барање на Министерство за правда –Управа за водење матична евиденција за определување лично име на дете

## 4. ПОСТАПУВАЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ НА ПРОБЛЕМАТИКАТА БРАК И СЕМЕЈСТВО НИЗ ФАЗИТЕ НА ВОДЕЊЕ НА СЛУЧАЈ

Работата во центарот за социјала работа започува со прием на барање, поднесок или пријава.

**Прв прием/тријажа во ЦСР вклучува:**

- личен контакт со подносителот или лицето кое го пријавува случајот, увид во поднесоци, барања, дописи, известувања, поплаки, иницијативи и други соопштенија на физичко или правно лице кое се обраќа до центарот, обезбедување на потребните информации на барателот, телефонски повици, проверка на основаноста на поднесокот, упатување во друга соодветна институција или отворање на случај во центарот за социјална работа и започнување со стручната работа.

Упатување во ЦСР во случаеви кога има несогласување помеѓу родителите во вршењето на родителското право, на лица со нарушени партнерски, брачни и семејни односи, може да се врши на следниве начини:

- Самоиницијативно, на барање на лице (партнер, родител, дете, член од семејство) кое има проблеми во партнерските, брачните и семејните односи или односи родители и деца;
- По службена должност - Центарот може да констатира состојба на социјален ризик на детето/други лица и потреба од преземање на мерки на помош и заштита;
- По пријава/барање од друго физичко или правно лице (близок сродник, познаник, суд, МТСП, МНР, Народен правобранител, училиште, НВО, локална самоуправа, полиција и др.);
- По барање на суд за спроведување на постапка согласно надлежности на ЦСР .

Директорот/раководителот го распределува барањето на одговорниот стручен работник/водител на случај. Во ситуации кога постои висок степен на ризик по безбедноста на детето или друго лице, потребно е интервентно да се преземат мерки на помош и заштита.

Стручната работа во центарот за социјална работа започнува со почетна проценка. Во зависност од утврдената состојба, степенот на ризик на кој се изложени корисниците, утврдените потреби, потенцијали и сили на корисниците се одлучува за понатамошните фази во постапувањето.

**Фази на стручната работа во постапките на брак и семејство**

1. Почетна проценка
2. Продлабочена проценка
3. Планирање на активности на помош и заштита
4. Мониторинг, ревизија и евалуација
5. Завршување на работа на случај

### 4.1. Почетна проценка

По добивање на барање одговорниот стручен работник ја планира почетната проценка, го кординира и следи предметот по однос на потребите на корисникот од остварување на одредени услуги и права на корисникот/семејството и активно учествува во постапките водејќи се по принципот на интегрирано водење на случај.
Во почетната проценка се утврдува степенот на ризик и се добива општ увид во животните околности на детето, родителите, партнерите, семејството, нивната акутна состојба и проблеми, сили и капацитети за справување со состојбата и потреба од мерки на помош и заштита, односно од соодветна социјална услуга во ЦСР и други ресурси.

- Одговорниот стручен работник изготвува работен оперативен план на активности: со кого ќе контактира, кој ќе биде интервјуиран, кој друг ќе биде вклучен во постапката ( полиција, здравствена служба, други стручни лица доколку е потребно), метод на собирање на потребните податоци (интервјуа, документација, тестови, скали, прашалници, домашна посета, посета на училиште, работно место и сл.), временска рамка за извршување на потребните активности.

- Првиот контакт одговорниот стручен работник може да го реализира со еден и/или двата партнери/родители истовремено во зависност од барањето и вид на проблемот, при што: се претставува, ја претставува институцијата, ги запознава корисниците со надлежности на ЦСР и нивната улога во постапката, ги информира за социјални услуги кои можат да ги добијат во однос на надминување на нивниот проблем во ЦСР и во други ресурси, им укажува на правото и потребата од нивната партиципација, на улога на други актери вклучени во постапката, ги запознава со основните принципи и методологија на спроведување на стручната работа и ги мотивира за активно учество.

**Почетната проценка се спроведува во краток период, не подолго од десет дена од почетокот на работата на случајот со цел обезбедување на социјална услуга на помош и заштита во што пократок рок.**

При спроведување на почетната проценка се прибавуваат потребни податоци и информации, и во зависност од проблемите на кои се работи се врши опис и проценка на следните елементи:

- опис и проценка на состојбата, потребите, потенцијалите, ризиците на партнерите/детето/родителите/членови на семејство;
- опис и проценка на развојот на детето и влијание на актуелното функционирање;
- опис и проценка на семејни фактори;
- опис и проценка на срединскиот фактори.
- сумарна проценка/заклучок.

Во рамките на почетната проценка, во зависност од природата на барањето одговорниот стручен работник ги спроведува следниве активности:

- набудување и разговори со корисникот ( партнери/родители/дете)
- набудување и разговори со членови на семејството (членови на домаќинството и пошироко семејство, други важни лица од околината на корисникот);
- увид во домот заради утврдување на условите за живот на семејството, социјално опкружување и инфраструктурата;
- собирање и анализа на достапни информации од различни извори (вклучително и постоечка документација во центарот, здравствените, образовните и другите институции);
- проценка на безбедноста и опис на ризиците, односно главните области на проблемот;
- обезбедување на релевантни податоци од стручни лица од други служби и други лица кои се во контакт со семејството;
- опис, сумирање и проценка на елементите на фактори на средината (вработување, приход, состојба на домување, семејна позиција во заедницата, ресурси на заедницата);
- опис, сумирање и проценка на елеменити на силните страни, личните, семејните и еколошките ресурси што можат да придонесат за надминување на проблемите или тешкотиите;
- стручна помош и поддршка по однос на проблемот во насока на превенирање од зголемување на ризикот (рационализирање и ублажување на актуелен партнерски/семеен конфликт, постигнување на родителски договор);
- донесување на наод и мислење со заклучок за состојбата и потребата од понатамошно постапување.

Одговорниот стручен работник во почетна проценка во *Лист на корисник* ги нотира активностите, а во *Лист за проценка* ги пишува добиените податоци и информации и сумирани елементи од почетната проценка. Во заклучок во *Листот за проценка* и во *Наод на стручен работник* констатира потреба од преземање на понатамошните активности во центарот за социјална работа и/или потреба од упатување во друга институција, ресурс, надлежна служба или организација која може да обезбеди друга услуга или потреба на корисникот/семејството.

**Резултатите од почетната проценка се основа за определување на понатамошното постапување на центарот со кои корисниците се запознаени како и сите вклучени во проценката и други значајни лица за постапката.**

По завршувањето на почетната проценка се прави ***План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги****, се* планира интервенција со корисниците ( родителите/детето/семејство/партнери) и други вклучени лица, се определуваат цели, мерки и нивната реализација во одреден рок и динамика.

Во случај кога при почетната проценка се констатира дека неповолната состојба на корисникот не е надмината, изложеноста на ризикот и ранливоста се зголемуваат, кога има високо ниво на дисфункционално родителство, како и во случај на неусогласеност на родителите по однос на битни прашања околу правата и интересите на детето и во други ситуации кога е утврдена акутна или континуирана изложеност на детето на ризик по неговиот

правилен раст и развој, се спроведува продлабочена проценка со вклучување на други стручни профили во центарот за социјална работа.

Одговорниот стручен работник потребата од спроведување на продлабочена проценка може да ја констатира и во текот на спроведување на почетната проценка, како и при следење на реализација на определените активности/мерки во *План за индивидуална работа со корисник,* односно репроценка по извршена ревизија/евалуација.

## 4.2. Продлабочена проценка

Продлабочена проценка се спроведува кога претходно ќе се заклучи дека се потребни повеќе податоци за да се обезбедат соодветни социјални услуги врз основа на резултатите од почетната проценка и другите барања за работа на случајот. Одговорниот стручен работник планира на кои области дополнително ќе се фокусира проценката и кој ќе се вклучи во понатамошната работа и планирање на мерки, активности и услуги.

Потребата од интердисциплинарната стручна работа се јавува поради специфичноста и сложеноста на состојбата кога постои дисбаланс на функционалноста на семејството, на изложеноста на детето на ризици во семејство со нарушени семејни односи, со дисфункционални и разделени родители, во ситуации кога нема усогласеност меѓу родителите околу доверување на детето, начинот на кој го вршат родителското право или постои занемарување и/или злоупотреба на родителското право. Ваквите ситуации имплицираат вклученост на тим од социјален работник, педагог, психолог и правник кои ја вршат продлабочената проценка на детето и на родители/и.

**Важно е родителите да се информираат за сите елементи кои се проценуваат и да се вклучени во целиот процес. Сите применети техники, инструменти и алатки за проценка се дел од досието и основа за стручната проценка врз која се оформува мислење и се планираат понатамошни активности.**

Стручниот тим утврдува области на спроведување на продлабочена проценка, мерки, активности и услуги кои е потребно да се планирааат и реализираат, потреба од вклучување на други профили во центарот за социјална работа, потреба од соработка со други институции (специјалистичка проценка на здравјето, едукативна проценка, проценка на професионалната ориентација и сл).

Секој стручен профил води своја евиденција за преземените активности и фактографски ја бележи утврдената состојби во *Лист за корисник* (следење на стручна работа).

Преку продлабочената проценка дополнително се идентификуваат ризици, потреби и специфични проблеми во однесување како и фактори за заштита и резилиентност на корисниците. И во оваа фаза информациите се добиваат од различни извори: родители, дете, блиски сродници, стручни лица во образовни и здравствени установи, од други институции и соработници, документација, увид во домот и преку инструменти за проценка специфични за секој стручен профил.

**Проценката се прави во однос на двата родители одделно и индивидуално за секое дете. Тоа вклучува проценка на развојните потреби, на тешкотии на детето во остварувањето на контактите со родителот со кого не живее и квалитетот на односот дете - родител.**

Во постапките кои се однесуваат на заштита и остварување на одредени интереси и права на детето и обезбедување на соодветно и одговорно реализирање на родителските права и обврски, во продлабочена проценка темелно се проценуваат три основни елементи:

- Елементи на проценка на состојба и потреби на детето

  - релација дете-родител
  - начинот на дотогашното семејно функционирање
  - степен на психофизички развој на детето
  - развојните потреби и возраста на детето
  - специфични аспекти поврзани со здравствена состојба на детето
  - динамиката на секојдневни активности
  - степен на отпорност на детето, емоционален развој и идентитет
  - степен на социјализација и вештина во грижа за себе
  - информираноста и ставови на детето за состојбата
  - степенот на претходна поврзаност на детето со родителите/блиски сродници/средината.

Продлабочената проценка на состојбата и на потребите на детето подразбира сеопфатна анализа на ситуацијата, состојбата и околностите во кои детето се наоѓа, при што **посебно е важно да се испита и уважи перспективата, гледиштата и мислењето на детето**.

- Елементи на проценка на родителските капацитети

  - начин на пружање на основна грижа, безбедност и сигурност, емоционална топлина, стимулација, водство и поставување на граници;
  - родителски знаења за развојните фази на детето, за начинот на задоволување на неговите развојни и секојдневни потреби;
  - степен на надминување на партнерската дисфункционалност и пренесување на конфликти на родителската улога;
  - начинот на комуникација и соработка меѓу родителите за усогласување на битни прашања околу потребите на детето и начинот на нивната реализација;
  - спремност на родителите за конструктивна родителска комуникација во услови на разделеност/развод без вклучување на детето во средиште на нивните конфликти;
  - сензибилитет на родителот со кој детето живее за потреба од емоционална дозвола на детето да го сака и контактира со родителот со кој не живее/негови блиски сродници, слободно да зборува за своите чувства, потреби, сеќавања;

- ❖ прифаќање на родителите на стручната помош во или вон центарот за социјална работа, кога истото е констатирано како потреба заради заштита на правата и интересите на детето;
- ❖ подготвеност на родителите за соработка со стручни лица и нивната активна партиципација;
- ❖ потенцијално манипулативно однесување на родител/и заради ограничување на одредени права на детето;
- ❖ однесување на родител/и кон детето кое укажува на минато, акутно или потенцијално грубо занемарување или злоупотреба на родителското право и висок ризик по безбедност и здравјето на детето и
- ❖ ризик од семејно насилство.

➢ Елементи на проценка на семејни и средински фактори

- се проценуваат физички, просторни и материјални услови во домот на семејството, на секој од родителите, релација меѓу членовите на семејство, семејна историја, карактеристики на заедницата на која припаѓаат, вклученост и интеракција со средината и
- се констатира состојбата на инфраструктурата и достапноста на ресурсите во локалната заедница важни за секојдневното непречено функционирање на родителите, детето, семејството во задоволување на нивните примарни и секундарни потреби.

Добиените информации и сознанија од извршената продлабочена проценка на состојба и потребите на детето, на родителските капацитети и семејни и средиски фактори, одговорниот стручен работник ги пишува во *Лист за проценка* и се клучни аргументи за донесување на заклучок, мислење, предлог во *Наод на стручен работник* на стручни лица вклучени во проценката и сублимирани во *Наод на стручен тим*.

Оваа фаза завршува со *Наод и милсење на стручен работник/стручен тим* за корисници на социјални услуги. Во зависност од природата на барањето, се изготвува соодветен стручен извештај или управен акт врз основа на донесеното мислење, предлог и/или заклочок со препорака на стручниот тим ( извештај до суд, решение, заклучок и сл). Работата на случај продолжува со изготвување на *План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги.*

### 4.3. Планирање на активности на помош и заштита

Планот за индивидуална работа со корисник на социјални услуги се донесува по завршување на проценката и подразбира одредување на мерки, активности и по потреба третман на корисникот со цел надминување на неповолната состојба изложеност на социјални ризици, односно заштита и обезбедување на одредени права и интереси на детето и права и обврски на родителите/блиски сродници.

Во *Планот за индивидуална работа со корисник на социјални услуги,* се определуваат општи и посебни цели и се одредува кој, што, на кој начин, кога и во кој временски период ќе учествува во остварувањето на цели определени во фазата на планирање.

**При изготвување на Планот за индивидуална работа со корисникот во согласност со околностите, подготвеноста и можноста за учество потребно е да се вклучат: членовите на стручниот тим, родителите на детето, детето во согласност со возраста и зрелоста, други значајни лица од средината, професионалци на други институции кои треба или веќе даваат некои услуги на детето и семејството.**

*Планот за индивидуална работа со корисник на социјални услуги*, односно определените цели, мерки и активности во планот се со цел реализација и следење на процесот на промени кај корисникот, подобрување на условите за живеење, конструктивна партнерска комуникација, воспоставување на баланс во нарушени семејни односи, обезбедување на квалитетна и соодветна родителска грижа за детето, вклученост на двата родители и нивни семејства во раст и развој на детето тековните животни активности и др.

Во планот стручните работници во ЦСР со корисниците и надворешни соработници утврдуваат што е во најдобар интерес на корисниците, кои се нивните потреби, што тие сакаат, како да се обезбеди таа потреба, кој е определен да ја заврши, во кој временски период и со која динамика.

За успешно спроведување на планираните активности неопходна е активна партиципација на корисниците, односно родители, семејство, детето и други вклучени лица. Во одредени случаи, кога изостанува соработката од страна на корисниците (најчесто родител/и), ЦСР презема активности и мерки на помош и заштита, пред се на детето, а родителите треба да се запознаени со законските последици од нивното непочитување.

<u>План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги содржи:</u>

- **Идентификациони податоци за корисникот**
- **Податоци на досието** – арх. број, број на досие, датум на поднесување на барање
- Се означува да ли е прв/ревидиран план
- **Вид на корисник**
- **Вид на добиени социјални услуги-** се пополнува со датуми на реализација
- **Општа цел на планот**
- **Посебна цел-** специфицирани во форма на посакувани, односно очекувани исходи
- **Област на работа -** актуелни постапки во проблематика брак и семејство
- **Активност/мерки** – конкретно дејствије од кое треба да произлезе конкретен очекуван резултат
- **Очекуван резултат –** за секоја активност се предвидува конкретен резултат во полза на промена на состојба на корисникот
- **Носители -** за секоја активност се определува носител на активноста, односно лице определено за исполнување на одредена активност

- **Рок и динамика** - за секоја планирана активност се определува временска рамка која ги дефинира датумите за почеток и крај на активноста, како и динамиката на реализација
- **Ревизија** – се бележи степен на реализација на определени мерки/активности/услуги
- **Евалуација** – се бележи дали определените цели се постигнати, односно се утвдува во кој степен мерки/активности/услуги довеле до исполнување на потребите на корисникот и на основната цел
- **Резултати и одлуки по ревизија и евалуација** – се донесува заклучок дали се постигнати посакувани промени во подобрување на состојбата на детето/родители/семејството, има ли потреба да се продолжи со услугата или од некои измени, други услуги, завршување на случај.

Активностите и мерките кои се определуваат во *Планот за индивидуална работа со корисник* се во корелација со поставениете цели, а во зависност од природата на проблемот, односно од постапката која се води во ЦСР. Активностите упатуваат на начинот како да се постигнат определените цели.

Дел од активности кои се однесуваат на **стручни лица во ЦСР** предвидени во планот се:

- од **оперативен карактер** (*увид во домот, посета и соработка со други институции и сл.),*
- други активности се однесуваат на **директна стручна работа** со корисници преку ***информирање*** (*за одредени права и законски решенија, за други даватели на социјални услуги и ресурси),*
- **едукација и советување** на конкретни теми (нпр.*детски права, развојни потреби на детето, циклуси на семејството, ненасилно решавање на конфликти, воспитни стилови и др*.),
- **упатување и поврзување** со други ресурси и развивање на соработка со други институции вклучени во постапката (Суд, ОЈО, МВР, здравство и др.),
- **обезбедување** на одредена материјална помош и/или друго право во/вон ЦСР,
- **соработка** со НВО, бизнис сектор, локална заедница за интеграција и подобрување на положбата на семејството и др.

Одговорниот стручен работник во соработка со корисниците - родителите, детето, блиски сродници и други вклучени стручни работници во *Планот за индивидуална работа со корисник на социјални услуги* определува конкретни активности кои корисникот треба да ги спроведе, како што се: активно да учествува во определена стручна работа/едукација/советување во или вон ЦСР; да обезбеди потребни услови за живеење и домување за детето/семејството; да овозможи реализација на контакти на детето со родителот/блиски сродници со кои не живее,

односно да го почитува донесеното решение по ова право; да обезбеди остварување на конкретни специфични потреби на детето; да води грижа за друг член на семејството; да обезбеди конкретна здравствена грижа за себе/детето/член на семејство; активно да се вклучи во следење на образовен процес на детето; да ги усогласи и спроведува позитивните воспитни модели со другиот родител; активно да се вклучи во мерки за вработување и др.

Активности кои се однесуваат на надворешни соработници и се дел од *Планот за индивидуална работа со корисник на социјални услуги* најчесто се однесуваат на воспоставување на соработка и следење на постапување на други институции, остварување други социјални услуги/права кои корисникот ги добива, прибавување на повратна информација/извештај за текот и резултатите на услугата од страна на надворешен ресурс.

Сите наведени примери и други активности, се определуваат во временски рок кој е најсоодветен за ефикасно реализирање и постигнување на очекувани резултати. Временскиот период и динамиката одделно се определува за секоја активност (краток, среден или подолг рок, но не подолго од шест месеци), што е во зависност од утврдениот степен на ризик, вид на активноста или интервенцијата, можности за брзо обезбедување на одредена потреба/право, мотивација на корисниците, законски и други објективни и субјективни фактори и околности.
Во текот на реализацијата на планот, доколку се јави потреба од подетален план, се прави нов кој не ја одложува реализацијата на актуелниот план за индивидуална работа со корисник на социјална услуга, а по ревизија и евалуација на планот може да се определат нови цели и активности во некоја или сите области.

**Во постапките на проблематиката на брак и семејство активното вклучување на детето/родителите/други членови на семејството и значајни лица од средината во определувањето на целите и очекуваните резултати, во планирањето на мерки, активности и соодветни услуги придонесува во развивање на меѓусебна соработка и доверба.**

Со активна партиципација на корисниците се создаваат услови реално да ги согледаат околностите, можностите на избор при донесување на одлуки, донесување на информирани одлуки, развивање на свесност за нивната улога и одговорноста во процесот на подобрување на состојбата, осамостојување и функционирање вон системот на социјалната заштита.

### 4.4. Мониторинг, ревизија и евалуација

#### 4.4.1.Мониторинг/следење

Одговорниот стручен работник во континуитет мониторира и следи дали планираните активности во планот се реализираат и дали корисникот со помош на тие активности се движи кон поставените цели.

За секој конкретен случај во зависност од индивидуалните потреби и нивото на ризик, одговорниот стручен работник определува дали има потреба од собирање на дополнителни податоци и информации за актуелната состојба или други значајни информации кои довеле до промена во фактичката состојба. Во следењето на начинот на кој родителите ја водат грижата за детето и за неговите потреби, неопходно е тековно да се следи состојбата, да се бележат детектираните промени и навремено преземаат мерки и активности со кои се обезбедува заштита на правата и интересите на детето и напредок во родителската улога и одговорност.

#### 4.4.2.Ревизија

Ревизија или повторен преглед се однесува на репроценка која се врши врз основа на резултатите од мониторингот при што се утврдува дали планираните активности/мерки/услуги се реализираат, дали планот на услуги и понатаму е релевантен за корисникот и има потреба да се прават корекции на планот. Во зависнот од услугата која се дава и постапките кои се водат, одговорниот стручен работник определува период во кој се врши ревизија.

При следењето одговорниот стручен работник може да констатира причини поради кои има потреба да се редифинираат поставените цели, повторно да се проценат факторите на ризик, проблемите, потребите, силните страни, и планот да се ажурира и прилагоди со адекватни активности, како и кога има промена на околностите по однос на: местото на живеење, здравствената состојба, материјалните можности, станбената состојба и тн.

Во одредени околности одговорниот стручен работник треба да определи пократок рок за спорведување на повторен преглед, како што се:

- кога се работи за детото на помала возраст заради природната динамика на промени во развојни потреби;
- кога е определен надзор над вршење на родителското прво;
- кога постојат специфични состојби или ограничувања на корисниците;
- во ситуации на семејно насилство.

#### 4.4.3.Евалуација

Со евалуацијата се разгледуваат ефектите од дадените услуги и преземените мерки согласно постоечкиот или актуелен план. Евалуацијата дава податоци дали преземените услуги и мерки

одговараат на потребите на корисниците или пак се потребни дополнителни услуги. Се утврдува дали детето, родителите и другите членови на семејството добиваат услуги во согласност со планот и нивните потреби и дали напредуваат кон поставените цели утврдени во планот.

Преку евалуација се согледуваат пречките и околностите кои го попречуваат напредокот кон зацртаните цели и резултати и - дали утврдените рокови се соодветни, односно дали треба да се променат и прилагодат на новите околности, дали на корисникот и семејството им требаат дополнителни услуги и на кој начин тие можат да бидат обезбедени.

Најчести индикатори кои се евалуираат во делот на услугите и постапките во центарот за социјална работа поврзани со брак, семејство и родителството се однесуваат на:

- постигнато ниво на способност за конструктивно решавање на конфликти;
- степен на усвоени родителски вештини;
- сензитивност за детските права и проактивност во нивното остварување
- задоволување на потребите на детето по однос на релација со родителот/блиски сродници со кои не живее;
- задоволување на потребите во делот на образование, безбедност, услови за живеење, грижа за здравјето и тн.

Во *Планот за индивидуална работа со корисник на социјална услуга* посебно се ревидира и евалуира општата цел, а одделно посебни, специфични цели определни во планот.
Во дел на ***Ревизија и Евалуација на активности/мерки*** се наведува дали ревидираната активност/мерка ја постигнала зададената општа цел, односно посебните цели. Доколку некоја од поставените цели (општа и/или посебни) не е исполнета се наведуваат причините за истото.

Се сумираат резултатите од ревизијата и евалуацијата на меркита и активностита од ревидираниот план и се донесува одлука, односно се утврдува дали треба да се продолжува со планираните активности/услуги, дали треба да се промени целта и да се развива нов план на услуги или услугите не се повеќе потребни и случајот треба да се затвори.

### 4.5. Завршување на работа на случај

Случајот може да се затвори во секоја фаза, во зависност од утврдените потреби на помош и третман и нивното исполнување.

**Со фазата завршување на работа со случај се затвора постапката за давање на социјалните услуги во центар за социјална работа кои се однесуваат на проблематиката брак и семејство. Предметот може да остане активен поради остварување на друга услуга и/или право во надлежност на ЦСР, или друг овластен давател на социјални услуги.**

Завршувањето на давање на социјални услуги се планира заедно со корисниците, се вршат подготовки за нивното самостојно функционирање и при тоа се информираат за условите во кои повторно можат да побарат помош и во кои околности центарот за социјална работа постапува по службена должност. Завршувањето на работа на случај се предвидува кога ќе се утврди дека ризикот е надминат, намален и корисникот може да преземе одговорност за самостојно функционирање, во делот кој се однесува на партнерски, брачни, родителски и семејни проблеми.

Истовремено, водејќи се по принципот на интегрирно водење на случај, одговорниот стручен работник врши проценка дали корисникот има потреба да оствари или продолжи со користење на некое право/услуга кое е во надлежност на ЦСР или има потреби и/или од услуги од други служби вон центарот, поради што предметот не се става во пасива, но се следи и понатаму.

Генерално, случајот со кој се обезбедува социјална услуга во проблематика брак и семејство може да се затвори кога:

- ✓ проблемот е надминат/намален и корисникот нема потреба од социјални услуги;
- ✓ кога корисникот се откажал од користењето на услугите;
- ✓ после определен период (три месеци) во кој ќе се реализираат неколку мониторинг посети, односно од последен непосреден контакт со корисникот;
- ✓ детето станало полнолетно и
- ✓ други со закон предвидени околности.

**Во однос на откажување на корисникот од барањето, а посебно во ситуации на семејно насилство, центарот за социјална работа не го затвара случајот кога се работи за дете во ризик и за лице кое не е во состојба само да ги застапува своите права и интереси - се продолжува со стручната работа по службена должност се додека корисникот има потреба од помош и заштита.**

Во фаза на завршување на работа на случај се користи *Лист за затварање на случај.*

## 5. ПРОЦЕДУРИ ВО ПОСТАПКИ ВО ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА НА ПРОБЛЕМАТИКАТА БРАК И СЕМЕЈСТВО

Во понатамошниот текст се содржани постапки со процедури за постапување кои центарот за социјална работа како орган за старателство, а во заштита на правата и интересите на детето, ги спроведува во:

- ✓ ситуации кога родителите немат усогласеност или не се исполнети услови за договорен начин на грижа за детето, за остварување на некое негово право, потреба или утврдување на неговиот статус (табели 1-8).
- ✓ Вториот дел се однесува на социјални услуги при спроведување на постапките во центарот за социјална работа по барање на надлежен суд (табели 8-13).
- ✓ Третиот дел се однесува на стручна, советодавна и советувалишна работа со корисници при нарушени семејни и партнерски односи (тела 13).

| Постапки во надлежност на ЦСР | Постапки по барање на суд |
|---|---|
| 1) Доверување на дете родено во вонбрачна заедница<br>2) Доверување на дете родено во брачна заедница<br>3) Регулирање на право на детето да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот/блиски сродници со кои не живее<br>4) Надзор над вршењето на родителското право<br>5) Постапување по барање за согласност за патување на детето во странство<br>6) Постапување по барање за согласност за иселување на детето во странство<br>7) Постапување за враќање на дете по Хашка конвенција | 8) Спроведување на мировна постапка<br>9) Спроведување на мировна постапка и мислење за доверување на дете<br>10) Спроведување на постапка за измена на судска одлука за доверување на дете<br>11) Постапување по привремена мерка за доверување на дете по барање на суд<br>12) Спроведување на постапка за давање мислење за доверување на дете како привремена мерка<br>13) Спроведување на постапка со малолетно лице кое наполнило шеснаесет години и сака да склучи брак |

### 5.1. Доверување на дете родено во вонбрачна заедница

Со Законот за семејството за вонбрачна заедница се смета заедница на маж и жена која траела најмалку една година и е изедначена со брачната заедница и вонбрачните партнери и родители според законските права и обврски се изедначени со правата и обврските во брачна заедница

како и обврските на родителите спрема децата. За потребите на постапката за доверување на детето родено во вонбрачна заедница потребно е да биде утврдено татковството и впишано во извод од матична книга на родени за детето.

Постапката за доверување на детето родено во вонбрачна заедница е во надлежност на центар за социјална работа при што се спроведува  проценка од страна на стручен тим и се применуваат сите принципи на стручната работа со корисници на социјална заштита.

**Во рок од два месеци** доколку родителите кои не живеат заедно не се спогодат кај кого од нив детето ќе остане на чување и воспитание или договорот не е во интерес на детето, ЦСР ја спроведува постапката.

По проценка на сите релевантни елементи и околности, актуелната состојба, ставовите на родителите и гледиштето на детето по ова прашање, се изготвуваат :Наод на стручен работник и Наод на стручен тим и се носи решение со кое се определува доверување на детето на еден од родителите, трето лице /установа.

Родителот на кого детето не е доверено е должен да ги исполнува своите родителски права и обврски, а детето има право да му бидат овозможени непречени лични односи и контакти со тој родител, доколку од определни причини не се утврди поинаку.

**ТАБЕЛА 1 ПОСТАПКА – ДОВЕРУВАЊЕ НА ДЕТЕ РОДЕНО ВО ВОНБРАЧНА ЗАЕДНИЦА**

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| | **Водител на случај** |
| -барање/пријава | ○ постапка започнува по барање/службена должност |
| -ИМРК на детето/родители<br>- лист на корисник ( за следење) | ○ се спроведува почетна проценка: реализира средба со родителите, ги информира за улогата и надлежностите на ЦСР, за текот на постапката, за ризиците и последиците врз детето, прибира податоци, информации од разговори, увид во домот и приложена документација (за статус на детето и родителите) |
| - лист за проценка | ○ се пополнува лист за проценка со заклучок за потреба од формирање на стручен тим |
| - лист на корисник  на други вклучени  стручни профили во ЦСР | ○ се спроведува продлабочена проценка со сите елементи и примена на техники и инструменти согласно вклучените стручни профили |
| - изјави на записник од родителите<br>-записник од увид | ○ заедно со родител/и и по проценка со други значајни лица вклучени во постапка (нпр.блиски сродници и тн.) се донесува одлука за доверување на детето |
| -инструменти и техники за проценка (со дата на спроведување, кој ја спроведува и за кој корисник) | ○ се пишуваат наоди на стручни работници и наод на стручен тим<br>○ се изготвува решение по барање за доверување на дете |
| -наод и мислење на стручен работник<br>-наод и мислење на | ○ со корисниците се утврдуваат потреби, начин на нивното спроведување и се договара рок, динамика и активности на секој учесник, покрај услуги кои се однесуваат на проблематиката брак |

| | |
|---|---|
| стручен тим<br><br>-решение за доверување на дете родено во вонбрачна заедница<br><br>-план за индивидуална работа со корисник<br><br>-други документи добиени во фаза од корисници и надворешни соработници<br><br>- лист/заклучок за затварање на случај | и семејство, паралелно се утврдуваат потреби од други услуги/права кои се обезбедуваат во и вон ЦСР<br>o се изработува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот и активна партиципација на корисникот и други учесници<br>o продолжува да се следи/мониторира реализирањето на активностите од планот, согласно состојбата се ревидира планот во делот кој се однесува на постапката, како и за другите услуги/права по принцип на интегрирано водење и следење на случајот<br>o се прави евалуација на дадените услуги, односно дали е постигната целта и дали родител/и и детето имаат потреба од дополнителни услуги/права во ЦСР, надвор од ЦСР за донесување на нов план<br>o случајот се затвара кога веќе нема потреба од услуги на ЦСР по донесен заклучок во евалуација* |
| *затварањето на случај се однесува на потреба од конкретна социјална услуга, со констатација по завршена евалуација на планот.Предметот може да остане активен во оставарувае на други социјални услуги и/или право во надлежност на ЦСР што водителот на случај го констатира во лист за следење и индивидуален план. | |

## 5.2. Доверување на дете родено во брачна заедница

Центарот за социјална работа може да спроведе постапка и со решение да довери дете родено во брак на еден од родителите/трето лице/установа заради заштита не неговите интереси и права кога родителите не живеат заедно и не се спогодиле кај кого од нив детето ќе продолжи да живее.

По започната постапка за мирење, центарот за социјална работа не може да донесува привремени мерки за доверување на дете, затоа што со поднесување на тужба за развод е заснована надлежност на судот. Истото и во случај кога претходно е покрената постапка пред суд за привремена мерка за доверување на дете.

Стручниот тим во ЦСР по спроведена проценка и добиени релеванти податоци и сознанија, врз основа на поединечни наоди и наоди на стручен тим, ЦСР носи решение со кое детето го доверува на чување и воспитание на еден од родителите.
Планираните активности и мерки се следат додека со евалуацијата не се констатира потреба од завршување на социјална услуга по ова прашање, а продолжува да се следи потребата од други социјални услуги/права.

**ТАБЕЛА 2 ПОСТАПКА – ДОВЕРУВАЊЕ НА ДЕТЕ РОДЕНО ВО БРАЧНА ЗАЕДНИЦА**

| Стручна документација и | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|

| списи во постапката | |
|---|---|
| | **Водител на случај** |
| -барање<br><br>-документ за статус на детето (ИМКР)<br><br>-документи за брачен статус на родители (ИМКВ<br><br>- лист на корсисник (за следење)<br><br>-записник од увид<br><br>- лист за следење на сите стручни профили<br><br>-лист за проценка<br><br>******<br>-инструменти и техники за проценка (со дата на спроведување, кој ја спроведува и за кој корисник)<br><br>-изјави на записник од родителите<br><br>-наод и мислење на стручен работник<br><br>-наод и мислење на стручен тим<br><br>-решение за доверување на дете родено во брачна заедница<br><br>-план за индивидуална работа со корисник<br><br>-други документи добиени од корисници и прибавени од надворешни соработници<br>- лист за затварање на случај | o започнува постапка по барање на родител/по службена должност<br>o интервју со барателот и проверка на законска основаност<br>o се спроведува почетна проценка: се реализира средба со родителите, ги информира за улогата, надлежностите на ЦСР, за текот на постапката, за ризиците и последиците врз детето, прибира податоци, информации од разговори, увид во домот и приложена докуметација (за статус на детето и родители)<br>o се пополнува лист за проценка со заклучок за потреба од формирање на стручен тим<br>******<br>o се спроведува проценка со сите елементи и примена на техники и инструменти согласно вклучен стручен профил<br>o се пишуваат поединечни наоди и наод на стручен тим<br>o се изготвува решение по барање за доверување на детето<br>o со корисниците се утврдувааат потребите, се договара рок, динамика и активности на секој учесник, покрај услуги кои се однесувааат на проблематиката брак и семејство, паралелно се утврдуваат потреби од други услуги/права кои се обезбедуваат во и вон ЦСР<br>o се изработува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот и активна партиципација на корисникот и други учесници<br>o продолжува да се следи/мониторира реализирањето на активностите, согласно состојба се ревидира планот во делот кој се однесува на постапката, како и за другите услуги/права по принцип на интегрирано водење и следење на случајот<br><br>o се прави евалуација на дадените услуги, односно дали е постигната целта или корисникот има потреба од дополнителни услуги/права во или вон ЦСР и донесување на нов план<br><br>o случајот се затвара кога веќе нема потреба од услугата по донесен заклучок во евалуација. |

## 5.3. Регулирање на лични односи и непосредни контакти со родителот/блиски сродници со кои не живее

Детето има право да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот со кого не живее, а тој родител има право и должност за одржување на тие контакти. ЦСР може да донесе решение за одржување на лични контакти на детето и со блиски сродници во услови определени со законот. Согласно Законот за семејството определено е дека, доколу родителите

во рок од два месеци не се усогласат за начинот на одржување на личните односи и непосредни контакти, за тоа ЦСР донесува решение. Согласно изменетите околности, по барање на родител ЦСР може одново да го уреди овој начин, а само заради заштита на здравјето и други интереси на детето може истите да ги забрани или ограничи.

Примарна цел на стручната работа е родителите да постигнат договор кој ќе биде во најдобар интерес за детето, а со кој ќе создадат услови во животот на детето активно и одговорно да партиципираат двата родитела и членови на нивните примарни семејства. Во пракса постигнатиот договор на родителите може да се уреди и во форма на пишана спогодба пред стручниот работник во ЦСР.

Стручниот тим спроведува проценка на сите релевантни елементи и околности при што начинот и динамика на контактите се определуваат по прибавените мислења и предлози на родителите/блиски сродници, се зема предвид ставот на детето согласно возраста и зрелоста и неговите развојни потреби, рутини и тековни обврски на детето.

На родителите им се укажува за последиците од непочитување на решението, по развојот на детето како и во делот на правните последици по родителот кој ги попречува контактите.

Се следи начинот на кој се реализира решението со кое се уредени личните односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој не живее или близок сродник. При констатирани потешкотии се применува советодавна и советувалишна работа, а во случај на попречување на контактите се вклучува стручниот тим во проценка за примена на мерките од надзорот над вршење на родителското право согласно Законот за семејството.

Стручната работа со родителите се насочува на дефинирање на причините за проблемите во одржување на личните односи и непосредни контакти на детето со другиот родител. Преку соодветна и навремена примена на мерка за надзор над вршење на родителското право можат да се надминат причините поради кои овие контакти биле прекинати. Во такви околности стручните работници во ЦСР одлучуваат за вклучување на дополнителни специјализирани ресурси во планирање на активности за надминување на ваквата состојба.

Одлука за ограничување, прекин или забрана на одржување на лични односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој не живее/блиски сродници се темели на оправдани реално утврдени аргументи и се носи во исклучителни случаи кога е во прашање безбедноста и здравјето на детето.

Во случаи на семејно насилство на кое детето било сведок или е непосредна жртва, приоритет е заштита на интересот на детето, на неговата безбедност и надминување на последиците и траумите од изложеноста на насилството.

ЦСР може времено да ги ограничи или забрани личните односи и непосредни контакти на детето со родителот со кого не живее заедно, во случај кога тоа е во интерес на детето, додека траат ризикот и последиците од извршеното насилство.[9]

Се врши следење на начинот на кој се одржуваат лични односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој не живее и се оценува потребата од репроценка по однос на состојбата и на можни изменети околности и потреби на детето. Кога е утврдена потребата од измени на актуелното решение, стручната работа се спроведува од стручен тим.

9 Чл. 47 ст. 3 од Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство

При следење и евалуација кога се констатира дека одреден временски период (минимум шест месеци) непречено се реализира правото на детето за контакти со родителот/блиски сродници со кои не живее, а доколку нема активности и/или потреба од други социјални услуги и/или права, случајот може да се затвори со *Лист за затварање на случај.*

Актуелното решение останува да важи, а ЦСР ќе постапи по секое ново барање независно од периодот кој поминал од затварање на случајот.

**ТАБЕЛА 3 ПОСТАПКА – РЕГУЛИРАЊЕ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЛИЧНИ ОДНОСИ И НЕПОСРЕДНИ КОНТАКТИ НА ДЕТЕТО СО РОДИТЕЛОТ/БЛИСКИ СРОДНИЦИ СО КОЈ НЕ ЖИВЕЕ**

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| -барање<br><br>- лист за следење на водителот на случај<br><br>-записник од увид/и<br><br>- лист за следење на други вклучени стручни профили во ЦСР<br><br>- изјави на записник од родителите/блиски сродници<br><br>-лист за проценка<br><br>******<br><br>-инструменти и техники за проценка (со дата на спроведување, кој ја спроведува и за кој корисник)<br><br>-наод и мислење на стручен работник<br><br>-наод и мислење на стручен тим<br><br>-спогодба/решение за начинот на кој детето остварува право на ЛОНК<br>Или<br>За одбивање на барањето<br><br>-план за индивидуална работа со корисник<br><br>-други документи добиени од корисници и прибавени од надворешни соработници | **Водител на случај**<br>o започнува постапка по барање и/или службена должност*<br>o спроведува почетна проценка: реализира средба со родителите/блиски сродници, ги информира за улогата, надлежностите на ЦСР, за текот на постапката, за ризиците и последиците врз детето, прибира податоци, информации од разговори, увид во домот и приложена документација (за статус на детето и родителите) и други активности за почетна проценка на состојбата, ризиците, потребите и силите<br>o спроведува стручна работа за постигнување на родителската усогласеност за потребите на детето и реализирање на контакти**<br>o пополнува лист за проценка со заклучок за успешно спороведна стручна работа и постигнат договор или за потреба од формирање на стручен тим<br>******<br>o кога договор не е постигнат, во заклучок се наведува потреба од вклучување на тим и продолжување на постапката со продлабочена проценка<br>o се спроведува продлабочена проценка со сите елементи и примена на техники и инструменти согласно вклучен стручниот профил и се прибавуваат поединечни ставови/мислење на родителите/блиски сродници<br>o се пишуваат поединечни наоди и наод на стручен тим<br>o Се донесува решение за уредување на ЛОНК или за одбивање на барањето<br>o со корисниците се утврдувааат потребите, начинот на нивното спроведување и се договара рок, динамика и активности на секој учесник, покрај услуги кои се однесувааат на проблематиката брак и семејство, паралелно се утврдуваат потреби од други услуги/права кои се обезбедуваат во и вон ЦСР<br>o се пополува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот и активна партиципација на корисникот и други учесници<br>o продолжува да го следи/мониторира реализирањето на активностите, на решението, согласно состојба се ревидира планот во делот кој се однесува на постапката, како и за другите услуги/права по принцип на интегрирано водење и следење на случајот<br>o врши евалуација на дадените услуги, односно дали е постигната целта детето да има непречени контакти со родител/блиски сродници со кој не живее и дали тој родители непречено и одговорно |

| | | |
|---|---|---|
| - лист/заклучок за затварање на случај | | ги извршува своите родителски обврски и права |
| | o | со евалуација се констатира има ли потреба од дополнителни услуги и донесување на нов план |
| | o | случајот се затвара кога веќе нема потреба од услугата на ЦСР по донесен заклучок во евалуација |

*кога родителите не се договориле согласно Законот за семејството или кога активно решение не одговара на фактичката состојба и потребите на детето и др.
** со постигнат договор барањето може да се повлече или да се регулира како пишана спогодба и понатаму се следи реализацијата.

### 5.4. Надзор над вршење на родителското право

Начинот на вршењето на родителското право е од исклучително значење за детето во случај кога бракот помеѓу родителите е разведен или во ситуации кога родителите од различни причини не живеат заедно или во ситуации кога грубо го занемаруваат родителското право. Родителите имаат обврска и должности на детето да му обезбедат услови за правилен раст и развој и задоволување на основни и развојни потреби.

Центарот за социјална работа со цел заштита на правата и интересите на детето по добивање на сознанија за недостатоци во вршењето на родителското право на еден или двата родитела кои го загрозуваат правилниот раст и развој на детето и се нарушени неговите права и интереси, по службена должност покренува постапка за надзор над вршење на родителското право на родител/и.

Во текот на постапката за надзорот над вршење на родителското право се проценува и се утврдува начинот на кој еден или двата родители го врши/ат родителското право, степенот на ризик врз емоционалниот, социјалниот и физичкиот раст и развој на детето. Покрај проценката на родителските капацитети, се проценуваат развојните потреби на детето, семејните фактори и факторите на средината.

#### 5.4.1.Вид на мерки кои се применуваат во надзорот над вршење на родителското право

Во зависност од проценката на степенот на ризик по здравјето и безбедноста на детето, во задоволување на неговите основни потреби и остварување на неговите права и интереси, се определува вид на мерка која ќе има најголем ефект во заштитата на неговата благосостојба. Согласно Законот за семејството:

**<u>Превентивни-корективни мерки во вршење надзор над вршење на родителското право</u>**

Центар за социјална работа по спроведена проценка може кон родител/и да определи една или повеќе мерки со превентивно-корективна функција:

- да предупреди за недостатоците во воспитувањето и развојот на детето;
- да ги информира за детските права и за одговорностите и обврските на родителите во нивното остварување
- да укаже за потреба правилно да го развиваат и воспитуваат детето;

- да ги упати родителите самите или заедно со детето во соодветно советувалиште, здравствена или друга установа или ресурс;
- да дава стручна помош на родителите и на членовите на семејството за да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители - деца;
- да го оспособува семејството да ги остварува своите функции во секојдневниот живот преку советодавни, едукативни или други методи.

**Родителите да се запознаат дека овие мерки претставуваат начин на давање на стручна помош и поддршка заради добросостојба на детето, со цел создавање на нови здрави навики, позитивни воспитни ставови и воедначен воспитен стил на родителите, подобрување на услови за живеење или поддршка во справување со одредени здравствени проблеми.**

**Репресивни мерки во вршење надзор над вршење на родителското право**

По завршена продлабочена проценка репресивните мерки се определуваат кога:

- родителите не соработуваат ниту меѓусебно ниту со центарот за социјална работа;
- родителите не ги прифатиле претходно преземените превентивни мерки и продолжиле да ги повредуваат правата на детето;
- родителите не го вршат родителското право во интерес на детето;
- детето го малтретираат и занемаруваат;
- родителите не му овозможуваат редовни лични контакти со другиот родител и други ризици на кои детето е изложено, а со што му се загрозени правата и интересите и
- секогаш кога постои злоупотреба на родителското право или грубо занемарување на родителските должности.

Видот на репресивни мерки за вршење надзор над вршење на родителското право се определни во Законот за семејството.

**Вид на репресивни мерки во вршење надзор над вршење на родителското право:**

- решение за постојан надзор над вршењето на родителското право во поглед на сите деца или само некое;
- решение за одземање и доверување на дете на другиот родител, друго лице или установа;
- решение за времено доверување на детето на друг родител, трето лице или сместување во друго семејство или во соодветна установа;
- покренување на постапка за одземање на родителското право;
- вршење надзор на начинот на управување на имотот на детето;
- решение за ограничување или забрана на правото на родителот да одржува лични односи и непосредни контакти со детето за одреден период, (не подолго од 6 месеци);

- решение за престој на детето кај родителот на кого не е доверно на одреден временски период (не подолго од 15 дена);
- барање од судот за заштита на имотните интереси на детето преку превземање на мерки за обезбедување врз имотот на родиители.

*Спроведување на надзор над вршење на родителското право подразбира:*

- ❖ давање на јасни информации на родителите за законската основа на постапката, цели на мерката, законските права и обврски на родител/и и последици кои можат да произлезат од несоработка;
- ❖ појаснување на родителите за потребата од преземање на мерките на надзорот над вршење на родителското право како начин на зајакнување на нивните родителски капацитети и вештини низ практични задачи поврзани со задоволување на развојните потреби на детето. Тоа е процес и зададена/очекувана промена во родителско однесување се одвива низ фази;
- ❖ мотивирање на родителите за соработка и активно учество во реализација на задолженијата определени со мерката надзор над вршење на родителското право
- ❖ укажување на родителите на последици по правилен раст и развој на детето доколку нема подобрување на начинот на кој го вршат родителското право;
- ❖ правовремено постапување, определување на соодветна мерка/и врз основ на сите релевантни елементи добиени од продлабочена проценка и утврдени околности;
- ❖ јасно и конкретно утврдени задолженија за родител/и во определен рок за реализација на активности и следење на нивното извршување, ставање на стручната помош во временска рамка, определување на јасна структура на очекување и последиците од нивната нереализација;
- ❖ континуирана соработка со родителите и други вклучени институции, даватели на социјални услуги;
- ❖ спроведување на евалуација на ефектите од превземени активности, на ефикасност и целисходност на определената мерка/и и степенот на очекувана промена кај родителот/и, и на општата состојба.
- ❖ констатирање на изменети околности, репроценка на ризици, сили, потешкотии и потреби, повторен преглед и определување на понатамошните активности.

Се определуваат основни и специфични цели со вклученост на родител/и, детето и други лица од значај, како и надворешни соработници кои се содржани во индивидуален план за работа со корисник и во решение со кое се определува вршење надзор над вршење на родителското право. За секој родител кај кого е констатирана потреба од примена на мерка/и за вршење на надзор над родителското право, се индивидуализираат активности и задачи кон конкретно дете/деца, за што двата родители се информирани. Реализацијата на определените мерки се следи во континуитет, се утврдува нивната ефикасност и степенот на очекувана промена кај родителот/и, и на општата состојба. Доколку настанат изменети околности, ситуации или потреби се врши вонреден повторен преглед и се определуваат понатамошните активности.

Со евалуација се утврдува исполнетост на определените мерки преку реализација на зададените активности на еден или двата родители, и подобрување на состојбата.

Крајната цел на примена на мерките е родителите самостојно, вон системот на социјалната заштита да продолжат квалитетно да ја вршат својата родителска улога по разделувањето, односно разводот.

Начинот на кој родителите го вршат родителското право се следи, случајот се  затвара кога се исполнети задададените цели, односно со евалуација се констатира дека детето добива задоволителна грижа од страна на родителите во поглед на остварување на неговите права и интереси од сите аспекти

**ТАБЕЛА 4. ПОСТАПКА – НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕ НА РОДИТЕЛСКОТО ПРАВО**

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
| --- | --- |
| -барање/пријава<br><br>- лист на корисник (за следење )<br><br>-записник од увид<br><br>- лист  на корисник на други вклучени  стручни профили во ЦСР<br><br>-лист за проценка<br><br>******<br><br>-инструменти и техники за проценка (со дата на спроведување, кој ја спроведува и за кој корисник)<br><br>-изјави на записник од родителите<br>-наод и мислење на стручен работник<br><br>-наод и мислење на стручен тим<br><br>- документ за донесена мерка на родител/и (укажување,решение упатување)<br><br>-план за индивидуална работа со корисник<br><br>-други документи добиени од корисници и прибавени од надворешни соработници | **Водител на случај**<br><br>o започнува по службена должност/пријава/барање<br>o спроведува почетна проценка: реализира средба со родителите, ги информира за улогата, надлежностите на ЦСР, за текот на постапката, за ризиците и последиците врз детето, прибира податоци, информации од разговори, увид во домот и приложена документација (за статус на детето и родители) и други активности за почетна проценка на состојбата, ризиците, потребите и силите<br>o пополнува лист за проценка со заклучок за потреба од формирање на стручен тим (доколу применува превентивни мерки не мора во оваа фаза да вклучува други профили)*<br>******<br>o се спроведува продлабочена проценка со сите елементи и примена на техники и инструменти согласно вклучен стручниот профил<br>o се пишуваат поединечни наоди и наод на стручен тим<br>o По проценка се изготвува решение за мерка од надзорот*<br>o со корисниците се утврдувааат потреби, начин на нивното спроведување и се договара рок, динамика и активности на секој учесник, покрај услуги кои се однесувааат на проблематиката брак и семејство, паралелно се утврдуваат потреби од други услуги/права кои се обезбедуваат во и вон ЦСР<br>o се пишува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот и активна партиципација на корисникот и други учесници<br>o продолжува да го следи/мониторира реализирањето на активностите, согласно состојба се ревидира планот и по потреба се  определувааат нови активности/цели во нов план<br>o прави евалуација на степен на ефекти од мерките на надзорот, дали цели се постигнати или има потреба од нови услуги во и/или  вон ЦСР<br>o кога со евалуација утврди потреба од престанок на вршење на мерките од надзор со решение,се пишува наод на стручен работник и на стручен тим  и решението престанува да важи<br>o случајот се следи во следните шест месеци, а се затвара по однос на оваа услуга кога ќе нема елементи на поволна состојба на детето** |

| | |
|---|---|
| -лист за затварање на случај | |

*за примена на репресивни мерки во постапка и проценка е потребна вклученост на цел стручен тим
**предметот може да остане активен во други услуги/прав аво ЦСР што се констатира во Лист за корисник и План за индивидуална работа со корисник

## 5.5. Согласност за патување на детето во странство

ЦСР постапува по барање на родител за издавање согласност за патување во странство на дете до 14 години, кога детето патува без присуство на родител. Кога дете до 14 годишна возраст патува во странство со родител не е потребна согласност од ЦСР.

Во текот на постапката пред ЦСР за издавање согласност за патување во странство на дете без присуство на родител, потребно е двата родитела да бидат информирани и да се произнесат по барањето. Кога двата родитела се согласни детето да патува со трето лице (близок сродник, наставник, тренер сл.) ЦСР издава потврда за согласност за патување.

Кога родителите не се усогласени во ставот за патување на детето во странство, стручен тим спроведува проценка на сите околности и услови кои се однесуваат на конкретно патување. Доколку се оцени дека барањето е во интерес на детето, со решение се одобрува детето да патува во странство со трето лице. Доколку ЦСР оцени дека патувањето не е во интерес на детето, со решение барањето го одбива.

Кога нема други активни постапки во ЦСР и констатирана потреба од остварување на некое право или друга социјална услуга, предметот се следи краткорочно и случајот се затвара.

**ТАБЕЛА 5 ПОСТАПКА – СОГЛАСНОСТ ПАТУВАЊЕ НА ДЕТЕ ВО СТРАНСТВО**

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| -барање<br><br>- документи поврзани со причина, време, начинот и местото на патување<br><br>- лист на корисник (за следење)<br><br>-изјави на записник од родителите<br><br>- Согласност за патување | **Одговорен стручен работник**<br>o постапката започнува по поднесено барање од родител<br>o интервју со барателот и проверка на основаноста на барањето<br>o информирање на другиот родител за поднесеното барање<br>o спроведува почетна проценка: реализира средба со родителите, ги информира за улогата и надлежностите на ЦСР, за текот на постапката, потребите на детето, прибира податоци и приложена докуметација (по однос на патувањето во странство) и други активности за почетна проценка на состојбата<br>o спроведува стручна работа за постигнување на родителска согласност за потребата на детето за патување<br>o пополнува лист за проценка со заклучок за постигнат родителски договор или за потреба од формирање на стручен |

| | |
|---|---|
| * * ****<br>- лист за следење на други вклучени стручни профили во ЦСР<br><br>-лист за проценка<br><br>-инструменти и техники за проценка (со дата на спроведување, кој ја спроведува и за кој корисник)<br><br>-наод и мислење на стручен работник/стручен тим<br><br>-Решение давање на согласност за патување на детето во странство/или за одбивање на барањето<br><br>-План за индивидуална работа со корисник<br><br>-лист за затварање на случај | o когa е постигнат родителски договор се издава Согласност за патување во странство<br>******<br>o кога не е постигнат родителски договор се спроведува продлабочена проценка<br>o се пишуваат наоди на стручен работник и наод на тим на вклучени стручни лица<br>o се изготвува решение по барањето за патување на детето во странство<br>o се пишува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот в делот на следење на исполнување на решение и правото на детето<br>o се прави евалуација на дадените услуги, односно дали е постигната целта или корисникот има потреба од дополнителни услуги<br>o се следи предметот во делот на други нема активни постапки и социјални услуги/права во/вон ЦСР<br>o затварање на случај |

## 5.6. Мислење за издавање самостојна патна исправа за дете

Центарот за социјална работа по барање на МВР спроведува постапка и изготвува мислење за издавање на самостојна патна исправа за дете. Постапката се отпочнува во МВР кога родителот на кој детето му е доверено на чување и воспитување поднесува барање за издавање на самостојна патна исправа за детето. Кога нема согласност од другиот родител, МВР по службена должност се обраќа до ЦСР како орган за старателство да се произнесе со мислење дали е во интерес на детето да му се издаде самостојна патна исправа.

Во постапката пред центарот за социјална работа двата родитела се изјаснуваат и доколку се процени оправданоста на барањето, односно кога е во интерес на детето центарот доставува до МВР мислење за издавање на патна исправа за дете

**ТАБЕЛА 6 ПОСТАПКА – МИСЛЕЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ САМОСТОЈНА ПАТНА ИСПРАВА ЗА ДЕТЕ**

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| -барање од МВР<br><br>- документи ИМКР на детето, пресуда/решение за доверување<br><br>-лист на корисник (за следење)<br><br>-изјави на записник од | **Одговорен стручен работник**<br>o постапката започнува по добивање на барање од МВР за мислење за издавање на самостојна патна исправа за дете<br>o интервју со подносителот на барањето во МВР( родител на кого е доверено со пресуда/решение)<br>o информирање на другиот родител за поднесеното барање<br>o спроведува почетна проценка: реализира средба со родителите, ги информира за улогата и надлежностите на ЦСР, за текот на постапката, потребите на детето и други активности за почетна проценка на состојбата |

| | |
|---|---|
| родителите<br><br>-Мислење за издавање на самостојна патна исправа за детето<br><br>* * ****<br>- лист за следење на други вклучени стручни профили во ЦСР<br><br>-лист за проценка<br><br>-инструменти и техники за проценка (со дата на спроведување, кој ја спроведува и за кој корисник)<br><br>-наод и мислење на стручен работник/стручен тим<br><br>-Решение по барање за издавање на самостојна патна исправа<br><br>-План за индивидуална работа со корисник<br><br>-лист за затварање на случај | o спроведува стручна работа за постигнување на родителска согласност за потребата детето да се стекне со документ<br>o пополнува лист за проценка со заклучок за постигнат родителски договор или за потреба од формирање на стручен тим*<br>o кога е постигнат родителски договор се издава Мислење за издавање на самостојна патна исправа за детето<br>******<br>o кога не е постигнат родителски договор се спроведува продлабочена проценка<br>o се пишуваат наоди на стручен работник и наод на тим на вклучени стручни лица<br>o се изготвува и се доставува решение по барањато<br>o се изработува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот<br>o се прави евалуација на дадените услуги, односно дали е постигната целта или корисникот има потреба од дополнителни услуги<br>o се следи предметот во делот на други нема активни постапки и социјални услуги/права во/вон ЦСР<br>затварање на случај |

**кога не епостигната родителска согласност, се продолжува со активности за тимска проценка по однос на барањето
**се донесува стручното мислење/решение по барањето со аргументи за издавање на самостојна патна исправа за детето, ценејќи го неговиот најдобар интерес.

### 5.7. Согласност за иселување на детето во странство

Центарот за социјална работа постапува по барање на родител за иселување во странство на детето кое му е доверено со судска одлука или со решение на ЦСР. Во текот на постапката потребно е двата родитела да бидат информирани и да се произнесат по барањето. Кога се констатира дека двата родитела се согласни детето да се исели во странство со родителот на кого му е доверено, се спроведува стручна тимска работа, се утврдува начинот на кој родителите ќе продолжат да го вршат родитлските права и обврски, ЦСР издава решение со кое се одобрува иселувањето на детето.

Кога еден од родителите не е согласен, стручната работа се насочува на продлабочена проценка на сите околности и услови во кои детете би живееело во друга држава и начинот на

одржување на контактите и комуникација со родителот и семејство кое останува во државата, односно со родителот со кого детето не живее.

Проценката на условите во кои родителот планира да живее со детето во странство доколу постои можност ја спроведува надлежната служба од државата во која е планирано иселувањето за што доставува извештај до дипломатска/конзуларна служба на РСМ. Родителот-барател обезбедува докази, односно документи по однос на статусот во државата во која се иселува, како и за: брачен статус, материјална состојба и вработеност (за себе и доколку има и за брачен /вонбрачен партнер со кого ќе живее), обезбеденост на станбени услови (имотен лист, договор за закуп на стан), вклучување на детето во воспитно образовен процес (потврди од градинка/училиште), обезбедување на здравствена заштита и други релевантни документи.

Се воспоставува соработка меѓу надлежните служби и органи на РСМ (МТСП преку МНР) со државата на иселување. Надлежниот центар за социјална работа информациите за преземените активности и состојбата ги упатува до Министерство за труд и социјална политика, од каде добива повратни информации и документи.

Во текот на постапката, покрај проценка на условите кои родителот ги обезбедува во другата држава многу важен сегмент при одлучувањето е утврдување на начинот на кој детето ќе го остварува правото да одржува контакти со другиот родител/блиски сродници.
Ова право е определено и со Конвенцијата на правата на детето од аспект на заштитата на правата на детето во ситуации на одвоен живот на неговите родители, вклучително и кога тие живеат во различни држави.

По завршена продлабочена проценка, согласно добиените информации, податоци, ставови на родителите, нивната комуникација и начинот на претходно вршење на родителското право, размислување и гледиште на детето, ЦСР одлучува по однос на барањето. Доколку ЦСР оцени дека иселувањето на детето во странство не е во интерес на детето, барањето се одбива со решение.

Кога се дава согласност, се донесува решение со кое се одобрува промена на местото на живеење на детето и неговото иселување во друга држава со родителот на кој е доверено. При тоа е потребно да се обезбеди правото на детето за непречено одржување на контакти со родителот со кој не живее и други блиски сродници. Во таа насока се донесува решение за уредување на лични односи и непосредни контакти со родителот или блиски сродници кои се во РСМакедонија, односно се утврдува начинот на комуникација по електронски пат и/или

интернетски социјални мрежи. Во истото решение може да се определи период на доаѓање и времетраење на престојот на детето во Р С Македонија и начинот на кој ќе се реализират контактите со родителот/блиски сродници.

Во континуитет се следи исполнувањето на обврските кои ги има родител по ова право на детето, а во ситуации на непочитување се прави проценка за примена на соодветни мерки заради обезбедување и заштита на правата и интересите на детето.

**ТАБЕЛА 7 ПОСТАПКА – СОГЛАСНОСТ ЗА ИСЕЛУВАЊЕ НА ДЕТЕТО ВО СТРАНСТВО**

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| -барање | **Водител на случај** |
| - докуметни за статус на детето( ИМКР,Пресуда за развод/решение за доверување и сл.) | ○ постапката започнува по поднесено барање од родител<br>○ интервју со барателот, упатување за начинот на водење на постапка и прибавување на документи*<br>○ информирање на другиот родител за поднесеното барање |
| - лист на корисник (за следење)<br><br>- документи за состојба и услови во другата држава добиени преку МТСП<br><br>-изјави на записник од родителите<br><br>-лист за проценка<br>- наод и мислење на стручно лице/тим<br>-решение за согласност за иселување | ○ спроведува почетна проценка: реализира средба со родителите, ги информира за улогата и надлежностите на ЦСР и други надлежни вантрешни и надворешни органи, за текот на постапката, потребите на детето, прибира податоци и приложена докуметација (по однос на иселувањето во странство)<br>○ спроведува стручна работа за постигнување на родителски договор по однос на барањето<br>○ пополнува лист за проценка со заклучок за потреба од понатамошно вклучување на други стручни профили<br>○ кога е постигнат родителски договор постапката завршува со носење решение со кое се одобрува иселување на дете во странство со родителот. |
| ****** | ****** |
| - лист на корисник на други вклучени стручни профили во ЦСР<br><br>-инструменти и техники за проценка (со дата на спроведување, кој ја спроведува и за кој корисник)<br><br>-наод и мислење на стручен работник<br><br>-наод и мислење на стручен тим<br><br>-решение по барање за иселување на дете во странство (се одобрува или се одбива) | ○ кога не е постигнат родителски договор се спроведува продлабочена проценка со сите елементи и се применуваат техники и инструменти согласно вклучениот стручен профил<br>○ се пишуваат стручни наоди на стручен работник/тим<br>○ се изготвува решение – по барање за иселување на дете во странство**<br>○ ***се изготвува решение за начинот на уредување на контакти на детето со другиот родител<br>○ се изработува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот и активна партиципација на сите учесници<br>○ продолжува да го следи/мониторира состојбата и реализирање на активностите, исполнуваење на обврска за реализирање на контактите на детето и почитување на решение, се ревидира планот и одлучува за потребата од нови мерки и активности<br>○ се прави евалуација на дадените услуги, колку се остварени правата на детето и има ли потреба од нови социјални услуги<br>○ случајот се затвара кога условите се исполнети |

- решение за ЛОНК

- план за индивидуална работа со корисник

-други докуметни за потреби на постапката и следење на состојбата
- лист/заклучок за затварање на случај

* Документација се добива по службен пат од другата држава преку МНР и МТСП или преку социјалните служби на другата држава доколку постои билатерален договор за соработка помеѓу Македонија и другата држава
** барањето може да се уважи или одбие
***Доколку нема договор по ова прашање, ЦСР носи решение за определување на контактите.
****за потребите на следење, информации за состојбата спроведени од страна на надлежните служби во другата држава, преведени кај овластен преведувач и заверени во конзулат/амбасада на РСМ во таа држава, до ЦСР може да ги достави и родителот или ЦСР ги прибавува по службена должност

### 5.8. Постапување по меѓународна Хашка конвенција за грабнување на деца

Постапување на Центарот за социјална работа по основ на **Хашката конвенција за граѓанско-правните аспекти на меѓународното грабнување на деца** се однесува на ситуации на незаконско задржување или одведување/грабнување на детето вон држава во која претходно живеело, односно има живеалиште и секогаш по барање на централниот извршен орган, а тоа е Министерство за труд и социјална политика (МТСП).

Постапување по Хашка Конвенција е можно само во ситуации кога детето чие враќање е предмет на постапката, се наоѓа во друга држава која исто така е потписничка на оваа Конвенција, а се однесува на повреда на правото на грижа за дететето од страна на родител/стрател на кого е доверено на чување и воспитување или по однос на попречување на родителот со кој детето не живее да одржува контакти со детето кое живее во друга држава.
Конвенцијата престанува да се применува кога детето ќе наполни шеснаесет години.

ЦСР постапува по барање на централен извршен орган (МТСП) кога еден од родителите поднел барање за враќање на неговото дете во РСМакедонија од другата држава или детето кое се наоѓа на територија на РСМ бара да се врати во другата држава – каде родителот/барателот живее.

Во текот на постапката се прибавуваат и проценуваат релевантни факти, информации, се утврдува исполнетост на законска основа за постапување и се спроведува детална проценка на околности - дали враќањето на детето ќе претставува сериозен ризик кој може да се одрази штетно врз неговото физичкото и психичкото здравје.

Барањето – Апликација за враќање на дете доставена до МТСП содржи податоци за идентитетот на подносителот на молбата, за детето и лицето за кое се тврди дека го одвело или задржало детето, факти врз кои се заснова молбата за враќање на детето и информации во врска со местото каде се наоѓа детето.

Документите кои се потребни за постапување се однесуваат на утврдување на статусот на детето/родител/старател (ИМКР, ИМКВ, ИМКУ, пресуда/решение за доверување на детето, решение за остварување на лични односи и непосредни контакти со родител со кој не живее и други релевантни документи), фотографии од детето и лицето за кое се сомнева декако го земало детето, податоци за адреса и контакт каде што се претпоставува дека се наоѓа детето и документ (уверение или гарантно писмо) што го издал централниот извршен орган или друг надлежен орган на државата во која се наоѓа местото на постојан престој на детето или официјалното лице, во врска со релевантното право на таа држава.

**ТАБЕЛА 8 ПОСТАПКА – ПОСТАПУВАЊЕ ПО МЕЃУНАРОДНА ХАШКА КОНВЕНЦИЈА**

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| | **Водител на случај** |
| -барање од МТСП<br><br>- лист за следење<br>-записник од увид<br><br>-изјави на записник од родител/близок сродник<br><br>- лист за следење на вклучени стручни лица<br><br>-лист за проценка<br><br>-инструменти и техники за проценка (со дата на | ○ постапката започнува по добивање на барање од МТСП<br>○ интервју со подносителот на барањето/семејство кое живее во РСМ кога детето е во друга држава<br>○ почетна проценка; увид во документација, испитување на околности, увид во семејство во РСМ<br>○ продлабочена проценка со примена на техники на стручни профили<br>○ изготвување на наод и милсење на стручен работник и на стручен тим<br>○ до МТСП се доставува извештај за состојбата и активностите и Наод и мислење на стручен тим<br>○ се изработува План за работа со корисник<br>○ се следи состојбата во коресподенција со МТСП |

| | |
|---|---|
| спроведување, кој ја спроведува и за кој корисник)<br><br>-наод и мислење на стручен работник<br><br>-наод и мислење на стручен тим<br><br>- Иавештај за преземени активности и состојбата<br><br>- план за индивидуална работа со корисник<br><br>- лист на затварање на случај<br><br>-друга документација по однос на состојбас на детето и родителите | ****<br><br>o Во друга ситуација постапката во ЦСР започнува по добиено барање од МТСП кога друга држава бара враќање на дете кое се наоѓа на територија на РСМ<br>o интервју со другиот родител за кој се тврди или е посочен дека го одвел или го задржал детето<br>o При постапување по барање од друга држава договорничка до МТСП за враќање на дете кое се наоѓа на територија на РСМ се спроведува почетна проценка, се пополнува лист за проценка со заклучок дали е постигнато доброволно враќање на дете во земјата или има потреба од продлабочена проценка и формирање на стручен тим<br><br>o Доколку родителот не дава согласност за доброволно враќање на детето се спроведува продлабочена проценка со сите елементи и примена на техники и инструменти согласно вклучениот стручниот профил<br>o се пишуваат наод на стручен работник и наод на стручен тим со мислење по однос на утврдената состојба<br><br>o се изработува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот и активна партиципација на корисникот и други учесници<br>o се доставува извешта до МТСП со Наод и мислење на стручен тим<br><br>o продолжува да се следи/мониторира реализирањето на активностите, согласно состојбата , се ревидира планот во делот кој се однесува на постапката, како и за другите услуги/права по принцип на интегрирано водење и следење на случајот<br>o се прави евалуација на дадените услуги, односно дали е постигната целта или корисникот има потреба од дополнителни услуги<br>o затварање на случај |

## 5.9. Спроведување на мировна постапка на брачните бартнери без деца

Центарот за социјална работа по барање на суд може да спроведе мировна постапка на брачните партнери без деца, без заеднички деца или со деца кои се возрасни. .Во текот на постапката брачните партнери се информираат за постапката, за ризиците и последиците кои ги носи разводот на брак, како и за нивната вклученост и одговорност во сите фази од постапувањето. Постапката за мирење која ја спроведува во центарот за социјална работа подразбира примена на различни методи и техники на стручна работа засновани на доброволност и соработка на партнерите за нивното учество.

Брачните партнери се информираат за можноста од пролонгирање на мировната постапката со цел надминување на партнерскиот конфликт и продолжување на брачната заедница. При спроведување на мировната постапка се согледуваат подрачја на партнерската дисфункционалност, како и тоа во кои сегменти партнерската реалација е функционална, и тоа во:

- начинот на комуникација и начинот на решавање на конфликти;
- усогласеност околу поделба на домашни обврски;
- усогласеност околу менаџирање со семеен буџет;
- релации со блиски сродници и нивните влијанија;
- меѓусебно почитување и уважување на индивидуални карактерни особини;
- поддршка во личен и професионален развој;
- поминување на слободно време и усогласеност во поширок социјален контекст;
- начин на секојдневно функционирање, меѓусебна грижа, интимност и блискост.

Содржината на стручната работа со партнерите се определува врз основа на интензитетот, подрачје и времетраење на конфликти; ставови и очекувања на партнерите за продолжување на брачната заедница и подготвеност и мотивација на партнерите за прифаќање на стручната помош. По проценка партнерите се мотивираат за дополнителна психосоцијална помош и третман во соодветно советувалиште и/или други ресурси кои нудат услуги од обласа на бракот и семејството.

Во случај кога кај партнерите во текот на мировната постапка ќе се создаде позитивна мотивација и заедничка желба да продолжат со брачната заедница и се согласни да се прекине бракоразводната постапка, центарот за социјална работа го известува судот за преземените активности и успешно спроведена мировна постапка.

Кога еден или двајцата брачни партнери на самиот почеток или во текот на постапката се изјаснуваат дека се категорични во ставот бракот да се разведе, до надлежниот суд се доставува извештај за неуспешна мировна постапка. Активностите за стручна помош или друг вид на поддршка, право и/или услуга можат да продолжат  кога за тоа е изразена желба од страна на едниот или двајцата брачни партнери и кога за тоа има потреба.

Случајот се затвара во рок од три месеци по завршување на советодавна и советувалишна стручна работа, односно по испраќање на извештајот до надлежниот суд доколку не се утврдени други социјални ризици и потреби од социјални услуги во и/или во н надлежност на центарот за социјална работа.

**ТАБЕЛА 9 ПОСТАПКА – МИРОВНА ПОСТАПКА НА БРАЧНИ ПАТНЕРИ БЕЗ ДЕЦА ИЛИ БЕЗ МАЛОЛЕТНИ ДЕЦА**

| Стручна документација и списи во постпката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| -судско барање<br>- лист на корисник<br>- лист за корисник  на други вклучени стручни | **Водител на случај**<br>o постапката започнува  по барање од  надлежниот суд<br>o се спроведува почетна проценка: реализира средба со еден или двајцата брачни партнери,  информира за улогата и надлежностите на ЦСР, за текот на постапката, прибира податоци за брачна и семејна |

| | | |
|---|---|---|
| профили во ЦСР<br><br>-лист за проценка<br><br>- Индивидуален план за работа со корисник<br><br>- Наод на стручен работник<br><br>-Извештај до суд<br><br>-други докумети (нпр.за упатување во друг ресурс)<br><br>-лист/заклучок за затварање на случај | | историја, дефинира приоритети за понатамоната работа<br>o со партнерите се утврдуваат проблеми, потреби, начин на нивното решавање, паралелно се утврдуваат потреби од други услуги/права кои се обезбедуваат во и вон ЦСР<br>o се пополнува лист за проценка со заклучок за потреба од вклучување на друг стручен профил во ЦСР или упатување во надворешен ресурс (нпр. советувалиште, здравствена установа и сл.)<br>o се пишува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот и активна партиципација на корисникот и други учесници<br>o се спроведува советодавна и/или едуактивна стручна работа за надминување на партнерски конфликти<br>o продолжува да се следи/мониторира реализирањето на активностите, согласно состојба се ревидира планот во делот кој се однесува на постапката, како и за другите услуги/права по принцип на интегрирано водење и следење на случајот<br>o се прави евалуација на дадените услуги, односно дали мировната постапка е успешна и има ли потреба од дополнителни услуги/права во или вон ЦСР и донесување на нов план<br>o се пишува извештај до надлежниот суд по однос на исходот на мировната постапка<br>o случајот се затвара кога веќе нема потреба од услуги/права на ЦСР по донесен заклучок во евалуација. |

## 5.10. Спроведување на мировна постапка и мислење за доверување на дете

Со Законот за семејството е определена надлежност и должност на центарот за социјална работа да спроведе постапка за мирење на брачните партнери во рок од три месеци од добивање на судско известување за покрената бракоразводна постапка по тужба. Кога постапката за развод е поведена по предлог за спогодбен развод, рокот за доставување на мислење до судот е петнаесет дена.

Во двата случаи кога е проценето дека има потреба од продолжување на рокот за спроведување на постапката, ЦСР за истото писмено го известува надлежниот суд.

Во овој домен паралелно се одвиваат две постапки и тоа, постапка за мирење на брачните другари и постапка во делот на доверување на дете. Во делот на постапката за мирење се спроведува советодавна и/или советувалишна работа со брачните партнери со цел детектирање и надминување на партнерски проблеми и други нарушени состојби на дисфункционални партнерски и семејни релации. При констатација дека стручната помош и подршка во ЦСР, по потреба и со вклученост и на други надворешни ресурси, довела до заедничка одлука да не се разведе бракот, ЦСР до судот доставува извештај за упешно спроведена мировна постапка.

Кога еден или двата партнери се со став бракот да се разведе, се спроведуваат стучни активности во делот на доверување на заедничко дете или деца.

Стручните работници во проценката утврдуваат дали има договор помеѓу родителите по однос на доверувањето и доколку има дали е во најдобар интерес на детето. Кога нема усогласеност околу доверување на детето, се применува продлабочена проценка со сите елементи.

Проценката се прави во однос на двата родители одделно и индивидуално за секое дете. Тоа вклучува проценка на развојните потреби, капацитети на родителите, вештини и одговорност во задоволување на потребите на детето, потешкотии на детето во остварувањето на контактите со родителот со кого не живее и квалитетот на односот дете - родител.

Во оформувањето на стручното мислење за доверување се земаат предвид и сознанијата за ставовите и мислењето на детето добиени преку примена на соодветни индиректни и директни методи и техники на стучната работа, а врз основа на возраста и зрелоста на детето.

Врз основа на резултатите од проценката и нивната анализа, стручните работници пишуваат наод и мислење на поединечен стручен работник и на стручен тим. Центарот за социјална работа доставува извештај до суд за исходот на постапката за мирење и мислење со предлог за доверување детето на родител на чување и воспитание. Родителите се запознаени со предологот за доверување кој е содржан во извештајот.

Законодавецот предвидел можност детето, покрај на еден од родителите да се довери на трето лице или на установа. Во рамки на предлогот за доверување на детето, центарот за социјална работа може да изнесува факти и докази што родителите не ги навеле, да вложува правни средства и да презема други процесни дејства во интерес на детето.

Судската одлука за доверување детето на родител се заснова на извештајот на центарот за социјална работа, но тоа не го обврзува судот, односно може да одлучи и поинаку од предлогот кој е доставен од страна на центарот за социјална работа. Во пракса се среќаваат и случаи кога судовите одлучуваат за доделување на детето на чување и воспитување и без прибавено мислење од ЦСР. Центарот за социјална работа на покана на судот учествува на рочиште заради појаснување на дадениот предлог за доверување, како и во случаи кога судот го повикува детето, а присуството на стручните работници од центарот е во функција на заштита на детето.

По започната постапка за мирење, центарот за социјална работа не може да донесе привремена мерки за доверување на дете во вид на решение. Со поднесување на тужба за развод е заснована надлежност на судот, односно ЦСР може да постапува само по судско барање за привремена мерка за доверување.

Во случај на постапување на два центри за социјална работа, односно кога родителите се со различно место на живеење во државата, законски е определена надлежноста. Центрите за социјална работа се должни да соработуваат, да ги усогласуваат активностите во планот, при што месноналежен центар за социјална работа од ЦСР од местото на живеење на другиот родител прибавува информации кои му се потребни за одлучување. Надлежниот центар за социјална работа ги сублимира сите информации и податоци, врши продлабочена проценка на сите важни елементи за одлучување и до надлежниот суд доставува извештај за исход од мировна постапка и предлог за доверување на детето кога мирењето не е успешно.

Кога еден од партнерите е недостапен за соработка, или еден или двата брачни партнери живеат во странство или еден од брачните партнери е со непознато место на живеење повеќе од 6 месеци (со соодветни докази), нема услови за спроведување на мировната постапка и за истото се известува надлежниот суд.

Во случаи на утврден ризик од семејно насилство, при што еден сопружник е сторител, а другиот е жртва не се применува стручната работа на мирење на брачните другари и приоритетно се спроведуваат мерки на помош и заштита од семејно насилство.

**ТАБЕЛА 10 ПОСТАПКА – МИРОВНА ПОСТАПКА И МИСЛЕЊЕ ЗА ДОВЕРУВАЊЕ НА ДЕТЕ**

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| | **Водителот на случај** |
| --судско барање<br>- лист на корисник<br>- документи за статус на детето/родители (ИМКР, ИМКВ, и др)<br>- лист за корисник на вклучени стручни профили во ЦСР<br>- изјави на записник на родителите<br>-лист за проценка<br>- инструменти и техники за проценка (со дата на спроведување, кој ја спроведува и за кој корисник)<br>- Наод на стручен работник<br>- Наод на стручен тим<br>-Извештај до суд<br>-други документи (нпр.за упатување во друг ресурс)од надворешни сортаботници<br>-лист/заклучок за затварање на случај | o Постапката започнува по барање од надлежниот суд<br>o Интервју со родителите<br>o спроведува почетна проценка: информирање за улогата, надлежностите на ЦСР, за текот на постапката, за ризиците и последиците врз детето, прибира податоци, информации од разговори, увид во домот и приложена документација (за статус на детето и родители) и други активности за почетна проценка на состојбата, ризиците, потребите и силите на корисниците<br>o пополнува лист за проценка со заклучок за потреба од формирање на стручен тим и или упатување во надворешен ресурс (нпр. советувалиште, здравствена установа и сл.)<br>o .стручниот тим прави продлабочена проценка со сите елементи и примена на техники и инструменти согласно стручниот профил<br>o се пишуваат поединечни наоди и наод на стручен тим<br>o се доставува Извештај до суд со наод и мислење на стручен тим по однос на мировна постапка и одлука за доверување на детето<br>o се изработува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот и активна партиципација на корисникот и други учесници<br>o продолжува да го следи/мониторира реализирањето на активностите, согласно состојба се ревидира планот во делот кој се однесува на постапката, како и за другите услуги/права по принцип на интегрирано водење и следење на случајот<br>o се прави евалуација на дадените услуги, односно дали е постигната целта или корисникот има потреба од дополнителни услуги/права во или вон ЦСР и донесување на нов план<br>o случајот се затвара кога веќе нема потреба од услуги/права на ЦСР по донесен заклучок во евалуација. |

## 5.11. Спроведување на постапка по судско барање за измена на судска одлука за доверување на дете

Според Законот за семејството, судот постапува по барање на еден од родителите или на центар за социјална работа за измена на пресуда за доверување на заедничко дете или деца, при што актуелна пресудата може да ја потврди или да ја измени доколку тоа го бараат изменетите околности. Законодавецот дава можност при промена на околностите под кои е донесена одлуката, да се бара нејзина измена, односно доколку родителот на кого му е доверено детето не одговори на потребите на детето, односно покажува недостатоци во

одговорното вршење на родителското право , или има други променети околности поврзани со сатусот и состојбата на детето, или на родителот на кого е доверено детето, одлуката за доверување на детето може да се измени во кое било време поради променети околности.

Во оваа постапка судот одлучува за чување, воспитание и издржување на детето откако ќе прибави мислење од центарот за социјална работа.

Постапката по барање на судот центарот за социјална работа ја спроведува преку продлабочена проценка и примена на методи и техники на стручна работа, во соработка со родителите и вклученост на детето. Детално се проценуваат сите актуелни околности во кои детето живее и се развива, начинот на кој во изминатиот период родителите воделе грижа за детето и сите елементи кои се дел од продлабочената проценка. При тоа, зависно од проценката и констатираната состојба може да се вклучат надворешни институции ( од образование, здравство, МВР, АВРМ, други даватели на услуги и тн.). Во ЦСР се спроведува продлабочена проценка и кога постои договор меѓу родителите околу измена да судска одлука за доверување, се утврдува дали постигнатиот договор е во најдобар интерес на детето.

ЦСР до судот доставува извештај и мислење на стручен тим дали има изменети околности и релевантни елементи за промена на доверување на детето и да се довери на родителот на кој со претходната судска одлука не било доверено, или родителот на кој детето е судски доверено треба да продолжи со непосредна грижа на детето.

Кога ќе оцени дека е оправдано за потреби на постапката, судот може по предлог на странките за потребите на постапката да изведе доказ судско-психијатриско вештачење кое го вршат компетентни специјализирани установи и вешти лица.

Случајот се следи, по потрба се учествува во судска расправа и се затвара кога ќе нема потреба од социјални услуги/и/или права.

**ТАБЕЛА 11. ПОСТАПКА – ИЗМЕНА НА СУДСКА ОДЛУКА ЗА ДОВЕРУВАЊЕ НА ДЕТЕ**

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| | **Водител на случај** |
| --судско барање<br><br>- лист на корисник<br><br>- документи за статус на детето/родители (ИМКР, ИМКВ, Пресуда и др)<br><br>- лист за корисник на вклучени стручни профили во ЦСР<br>- записник од увид<br>-изјави на родителуте<br>-лист за проценка<br><br>- инструменти и техники за проценка (со дата на спроведување, кој ја спроведува и за кој корисник) | o Постапката започнува по барање од надлежниот суд<br>o Интервју со родителите<br>o спроведува почетна проценка: информирање за улогата, надлежностите на ЦСР, за текот на постапката, за ризиците и последиците врз детето, прибира податоци, информации од разговори, увид во домот и приложена докуметација (за статус на детето и родители) и други активности за почетна проценка на состојбата, ризиците, потребите и силите на корисниците<br>o пополнува лист за проценка со заклучок за потреба од формирање на стручен тим и или упатување во надворешен ресурс (нпр. советувалиште, здравствена установа и сл.)<br>o се спроведува продлабочена псоценка со примена на техники и инструменти согласно стручен профил<br>o се пишуваат наод на стручни работници и наод на стручен тим<br>o се доставува Извештај – со наод и мислење на стручен тим до суд мислење по однос на барање за измена на судска одлука за доверување на детето<br>o се изработува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот и |

| | | |
|---|---|---|
| - Наод на стручен работник<br><br>- Наод на стручен тим<br><br>-Извештај до суд<br><br>-други докумети (нпр.за упатување во друг ресурс)<br><br>-лист/заклучок за затварање на случај | <br>o<br><br><br><br>o<br><br><br><br>o | активна партиципација на корисникот и други учесници<br>продолжува да го следи/мониторира реализирањето на активностите, согласно состојба се ревидира планот во делот кој се однесува на постапката, како и за другите услуги/права по принцип на интегрирано водење и следење на случајот<br>се прави евалуација на дадените услуги, односно дали е постигната целта или корисникот има потреба од дополнителни услуги/права во или вон ЦСР и донесување на нов план<br><br>случајот се затвара кога веќе нема потреба од услуги/права на ЦСР по донесен заклучок во евалуација. |

## 5.12. Постапување по барање на суд за доставување мислење за привремена мерка за доверување на дете

Во Законот за семејството [10]е предвидена можност за донесување на привремена мерка за доверување на дете во текот на бракоразводна постапка, која ја определува судот со решение, и тоа по службена должност, по предлог на еден од родителите или на центарот за социјална работа.

Во текот на спроведување на мировната постапка можат да се создадат околности кои претставуваат зголемен ризик за правилен раст и развој на детето и/или за остварување на неговите права и интереси, поради што има основ детето да се довери на еден од родителите пред донесување на судската пресуда за развод и доверување.

Центарот за социјална работа може да биде подносител на барањето до судот по службена должност кога по извршена проценка констатира потреба од привремено доверување на дете на еден од родителите, заради изложеноста на повисок степен на ризик на занемарување и/или злоупотреба на родителското право.

По спроведена продлабочена проценка кон барањето ЦСР до судот доставува мислење на стручен тим на кој од родителите да се определи привремена мерка за доверување на детето на чување и воспитание и/или на издршка, со утврдени околности и аргументи за предлогот.

Продлабочена проценка се спроведува и во случај судот да се обрати до ЦСР за утврдување на состојбата, проценка на родителските капацитети и предлог по однос на привремената мерка за доверување.

Центарот продолжува со постапката по однос на мирење и доверување, при што се следат сите аспекти кои довеле до привремената мерка, актуелна состојба и степен на надминување на ризикот поради кој е изречена привремената мерка за доверување.

Привремените мерки траат до правосилно завршување на постапката, но истите судот може да ги менува по службена должност или на барање на еден од родителите.

**ТАБЕЛА 12 ПОСТАПКА – ПРИВРЕМЕНА МЕРКА ПО СУДСКО БАРАЊЕ**

[10] Чл. 251 и 252

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| -барање од /до суд за привремена мерка за доверување<br><br>- лист за следење на водителот на случај<br><br>- лист за следење на други вклучени стручни профили во ЦСР<br><br>-записник од увид<br><br>-лист за проценка<br><br>-инструменти и техники за проценка (со дата на спроведување, кој ја спроведува и за кој корисник)<br><br>-изјави на записник од родителите<br><br>-наод и мислење на стручен работник<br><br>-наод и мислење на стручен тим<br><br>- Барање со предлог до суд кога ЦСР е подносител<br><br>-план за индивидуална работа со корисник<br><br>-други документи добиени од корисници и прибавени од надворешни соработници<br><br>-лист за затварање на случај | **Водител на случај**<br><br>o Постапката започнува по службена должност со барање до суд или по добиено судско барање<br>o спроведува почетна проценка: реализира средба со родителите, ги информира за улогата, надлежностите на ЦСР, за текот на постапката, за ризиците и последиците врз детето, прибира податоци, информации од разговори, увид во домот и приложена документација (за статус на детето и родители) и други активности за почетна проценка на состојбата, ризиците, потребите и силите<br>o пополнува лист за проценка со заклучок за потреба од формирање на стручен тим*<br>o се спроведува продлабочена проценка со сите елементи и примена на техники и инструменти согласно вклучен стручен профил<br>o се пишуваат поединечни наоди и наод на стручен тим<br>o До судот се доставува барање со предлог мислење за привремено доверување или само извештај со мислење на стручен тим кога судот бара<br>o се продолжува со мировна постапка и за доверување на дете<br>o се изработува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот и активна партиципација на корисникот и други учесници<br>o продолжува да го следи/мониторира реализирањето на активностите, согласно состојба се ревидира планот во делот кој се однесува на постапката, како и за другите услуги/права по принцип на интегрирано водење и следење на случајот***<br>o се прави евалуација на дадените услуги, односно дали е постигната целта или корисникот има потреба од дополнителни услуги<br>o случајот се затвара кога веќе нема потреба од услуги/права на ЦСР по донесен заклучок во евалуација. |

## 5.13. Спроведување на постапка на малолетно лице кое наполнило шеснаест години и сака да склучи брак

Законот за семејството предвидува во исклучителни случаи можност малолетно лице кое наполнило шеснаесет години да склучи брак. Во вонпроцесната постапка согласно Закон за

вонпарнична постапка [11]надлежниот суд може да даде дозвола брак да склучи малолетно лице које наполнило 16 години. Барање до судот за давање дозвола го поднесува малолетното лице, а кога двете лица кои сакаат да склучат брак се малолетни, поднесуваат заеднички предлог да им се дозволи склучување на брак

Судот испитува и утврдува дали малолетното лице достигнало телесна и душевна зрелост за вршење на правата и должности кои настануват во бракот, како и неговите лични својства, материјална состојба и дали одлуката за склучување на брак е по слободна волја, без присила и смислено е донесена.

Судот во постапката ги сослушува малолетно лице, неговите родители/старател и потенцијален брачен партнер, ги утврдува околностите и ставовите и добива мислење од здравствена установа и од центар за социјална работа за дадена стручна помош. Судот донесува одлука со решение, при што барањето може да го одбие или да даде дозвола - во тој случај бракот може да се склучи со стекнување на правосилност на судското решение и примерок се доставува и до надлежен центар за социјална работа.

Улогата на центарот за социјална работа во оваа постапка е советодавна и советувалишна. Согласно законската регулатива партнерите задолжително треба да поминат советување во надлежен центар за социјална работа. Советодавна работа со идни брачни партнери има информативно-едукативен карактер за подготовка за квалитетно брачно и семејно живеење. Спроведување на едукација и содржина на темите се планираат во договор со идните брачни партнери и се однесува на области на брачно-партнерски релации, семејни релации и родителство.

Основната цел е запознавање на идните брачни партнери со структурата на семејството и семеен систем, организација на семеен живот, предизвици при сепарација од примарното семејство и период на адаптација, мотивација за склучување на брак, очекувања и обврски во бракот, начин на комуникација, подгововка за одговорна родителска улога и надворешни релации со блиски сродници и средината.

По заврушање на предвидените активности, ЦСР дава потврда за завршена стручна помош на малолетно лице кое сака да склучи брак и идниот партнер, а по потреба презема други активности во случај на детектирање на социјални ризици и проблеми.

**ТАБЕЛА 13 ПОСТАПКА – СОВЕТУВАЊЕ НА МАЛОЛЕТНО ЛИЦЕ СО НАПОЛНЕТИ 16 ГОДИНИ КОЕ САКА ДА СКЛУЧИ БРАК**

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| - судско барање<br><br>- документи за корисници (ИМКР) | **Одговорен стручен работник**<br>o Постапка започнува по судско барање<br>o интервју со идни брачни партнери/родители/старател |

[11] Закон за вонпарнична постапка, Службен весник на РМ, бр.9/2008

| | |
|---|---|
| - лист за корисник<br><br>-план за индивидуална работа со корисник<br><br>-наод и мислење<br><br>-потврда за дадена стручна помош<br><br>-лист за затварање на случај | ○ информирање за улогата, надлежностите на ЦСР, за текот на постапката<br>○ со корисниците се утврдуваат потреби од други услуги/права кои се обезбедуваат во и вон ЦСР<br>○ се пишува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги за спроведување на советодавна услуга<br>○ спроведува советодавно-едукативна работа на предвидените теми<br>○ Наод и мислење за дадена услуга<br>○ се издава потврда по однос на дадена услуга на стручна помош<br>○ се прави евалуација на планирани активности<br>○ случајот се затвара три месеци од давање потврда доколку нема други ризици и потреби од социјални услуги и права |

### 5.14. Стручна помош при нарушени партнерски, брачни и семејни односи

Центарот за социјална работа спроведува советодавна и советувалишна социјална услуга со брачни и вонбрачни партнери кои се во конфликт, со корисници во ситуација на нарушени семејни релиции меѓу членовите на потесно и пошироко семејство. Оваа услуга на центарот за социјална работа се базира на доброволност и мотивираност за прифаќање на стручната помош.

Стручната помош и поддршка за унапредување на нарушени брачни и семејни релации е во насока на превенција и детектирање на други ризици кои можат да произлезат доколку проблемите благовремено не се надминат или ублажат.

При спроведување на оваа постапка освен стручната помош која корисниците ја добиваат во рамки на центарот за социјална работа доколу се мотивирани за соработка и надминување на конфликтот можат да бидат упатени и на советувалишен третман во рамки на центарот за социјална работа како и во други надворешни ресурси кои работат на разрешување на конфликти и подобрување на партнерските и семејните односи.

**ТАБЕЛА 14 ПОСТАПКА – СТРУЧНА ПОМОШ ПРИ НАРУШЕНИ ПАРТНЕРСКИ, БРАЧНИ И СЕМЕЈНИ ОДНОСИ**

| Стручна документација и списи во постапката | ПРОЦЕДУРА/ЧЕКОРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ |
|---|---|
| - барање<br><br>- лист на корисник<br><br>- лист за корисник на други вклучени стручни профили во ЦСР<br><br>-лист за проценка<br><br>- Индивидуален план за работа со корисник | **Одговорен стручен работник**<br>○ постапката започнува по барање на корисник<br>○ се спроведува почетна проценка: се реализира средба со двајцата партнери, се информираат за улогата и надлежностите на ЦСР, за текот на постапката, се прибираат податоци за брачна/вонбрачна и семејна историја и функционирање, се дефинираат приоритети за понатамошна работа<br>○ се пополнува лист за проценка со заклучок за потреба од вклучување на друг стручен профил во ЦСР или упатување во надворешен ресурс (нпр. советувалиште, здравствена установа и сл.) |

| | | |
|---|---|---|
| - Наод на стручен работник/тим<br><br>-други докумети (нпр.за упатување во друг ресурс)<br><br>-лист/заклучок за затварање на случај | | ******************<br><br>○ се спроведува продлабочена проценка со сите елементи и примена на техники и инструменти согласно вклучен стручен профил, со партнерите се дефинираат проблеми, потреби, начин на нивното решавање, паралелно се утврдуваат потреби од други услуги/права кои се обезбедуваат во и вон ЦСР<br>○ се пишува наод на стручен работник или тим за констатирана состојба и преземени активности<br>○ се пишува План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги со сите предвидени елементи во планот и активна партиципација на корисникот и други учесници<br>○ се спроведува советодавна и/или едукативна стручна работа за надминување на партнерски конфликти<br>○ продолжува да се следи/мониторира реализирањето на активностите, согласно состојба се ревидира планот во делот кој се однесува на постапката, како и за другите услуги/права по принцип на интегрирано водење и следење на случајот<br>○ се прави евалуација на дадените услуги, односно дали има ли потреба од дополнителни услуги/права во или вон ЦСР и донесување на нов план<br>○ случајот се затвара кога веќе нема потреба од услуги/права на ЦСР по донесен заклучок во евалуација. |